СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 13 Год. LXIII Понеделник, 5 февруари 2007 Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
178.	**Закон** за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.....	1
179.	**Закон** за изменување на Законот за домување.....	2
180.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица	2
181.	**Одлука** за разрешување и именување член на Комисијата за помилување на Претседателот на Република Македонија	4
182.	**Правилник** за начинот на водење на евиденција за извршени прегледи на жичари и ски-лифтови.....	4
183.	**Правилник** за барањата за ефикасност на новите топловодни котли во кои согоруваат течни или гасовити горива.....	5
184.	**Правилник** за пуштање на пазар на лична заштитна опрема.....	12
185.	**Правилник** за барањата за енергетска ефикасност на домашните фрижидери, замрзнувачи и комбинација од нив.....	24
186.	**Правилник** за образецот за давање на потписи за основање и членување во политичка партија.....	29
187.	**Упатство** за начинот и постапката за преземање на Судскиот регистар и предметите од Основниот суд Скопје I–Скопје во Основниот суд Скопје II-Скопје	30
188.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.....	31
189.	**Одлука** за определување продажна цена на природен гас во првиот квартал од 2007 година.....	32
	Резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации со кои се воведува, изменува или укинува режим на санкции против држави, ентитети или поединци.....	1-8
	Огласен дел.....	1-40

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

178.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јануари 2007 година.

Бр. 07-393/1
26 јануари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005), во членот 27 зборот "две" се заменува со зборот "четири".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PRIVATIZIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE NË PRONË SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për privatizim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronë shtetërore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/2005), në nenin 27 fjala "dy" zëvendësohet me fjalën "katër".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

179.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за домување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јануари 2007 година.

Бр. 07-392/1
26 јануари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2003, 96/2004 и 120/2005), во членот 8 став 1 зборовите: "до 31 декември 2006 година" се заменуваат со зборовите: "до 31 декември 2007 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR BANIM

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për banim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 39/2003, 96/2004 dhe 120/2005), në nenin 8 paragrafi 1 fjalët: "deri më 31 dhjetor 2006", zëvendësohen me fjalët: "deri më 31 dhjetor 2007".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

180.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јануари 2007 година.

Бр. 07-394/1
26 јануари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР И РЕГИСТАР НА ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 84/2005), во членот 2 став (1) точка 19 по зборовите: "основните регистри" се додаваат зборовите: "и други правни субјекти основани со закон".

Член 2

Во членот 5 став (1) во првата реченица по зборовите: "доставуваат податоците со кои располагаат" се додаваат зборовите: "без надоместок".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Централниот регистар обезбедува приклучна точка во едношалтерскиот систем преку својата инфраструктура за електронско поврзување на своите регистри со другите регистри или бази на податоци коишто се водат согласно со закон."

Член 3

Во членот 11 став (3) втората реченица се менува и гласи: „Управата за јавни приходи доставувањето на ЕДБ го врши во рок од 20 часа од доставувањето на податоците од страна на Централниот регистар."

Член 4

Во членот 12 став (1) по кратенката "ЕДБ" се додаваат зборовите: "преку едношалтерскиот систем".

Член 5

Во членот 14 се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Запишаните податоци во регистарот надлежните државни органи и организации наведени во ставот (1) од овој член можат да ги користат исклучиво за вршење на својата функција утврдена со закон."

Член 6

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Изземање на регистраторот

Член 19-а

(1) По барањето за изземање на регистраторот одлучува директорот на Централниот регистар со заклучок.

(2) Со заклучокот со кој е усвоено барањето за изземање ќе се определи друго овластено лице кое ќе решава во постапката во врска со предметот во кој е определено изземањето.“

Член 7

Во членот 39 став (1) точката 2 се менува и гласи:

"2) се исполнети условите за упис определени со закон;“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) При уписот регистраторот:

1) не ја испитува законитоста и вистинитоста на содржината на прилозите (исправите и доказите) што се поднесуваат при упис во регистрите;

2) не ја испитува законитоста на постапката во која тие се донесени и

3) не испитува дали податоците што се запишуваат во регистрите се вистинити и во согласност со закон.

(3) За вистинитоста и законитоста на прилозите и податоците од ставот (2) на овој член одговара лицето, односно лицата определени со закон.“

Член 8

Во членот 41 став (1) зборовите: "пет дена“ се заменуваат со зборовите: "три работни дена“.

Член 9

Во членот 44 ставот (1) се менува и гласи:

"Против решението за упис право на жалба има единствено подносителот на барањето за упис.“

Член 10

Насловот на Главата IV "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ“ се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ“.

Член 11

Во членот 63 став (1) зборовите: „Со парична казна од 80.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на“.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 12

Во членот 64 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 150.000 денари, ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на“.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Покрај глобата за прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на дејност во траење од три до пет години.“

Ставот (3) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице. Покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење од три до пет години.“

Член 13

Во членот 65 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на“.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 14

Во членот 66 став (1) зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на“.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 15

Во членот 68 ставот (7) се брише.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SISTEMIN NJËSPORTEL DHE PËR MBAJTJEN E REGJISTRIT TREGTAR E TË REGJISTRIT TË PERSONAVE TË TJERË JURIDIKË

Neni 1

Në Ligjin për sistemin njësportel dhe për mbajtjen e regjistrit tregtar dhe të regjistrit të personave tjerë juridikë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” 84/2005) në nenin 2 paragrafi (1) pika (19), pas fjalëve: “regjistrat themelorë” shtohen fjalët: “dhe subjekte të tjera juridike të themeluara me ligj.”

Neni 2

Në nenin 5 paragrafi (1) në fjalinë e parë pas fjalëve: “paraqesin të dhëna me të cilat disponojnë” shtohen fjalët: “pa kompensim”.

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

“(2) Regjistri qendror siguron pikë kyçjeje në sistemin njësportel nëpërmjet infrastrukturës së vet për ndërlidhje elektronike të regjistrave të vet me regjistra të tjerë ose baza të dhënash të cilat mbahen në pajtim me ligjin.”

Neni 3

Në nenin 11 paragrafi (3) fjalia e dytë ndryshon si vijon:

“Drejtoria e të Hyrave Publike dorëzimin e NUT e bën në afat prej 20 orësh nga dërgimi i të dhënave nga ana e Regjistrit qendror.”

Neni 4

Në nenin 12 paragrafi (1) pas fjalës “NUT” shtohen fjalët: “nëpërmjet sistemit njësportel,”.

Neni 5

Në nenin 14 shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

“(2) të dhënat e regjistruara në regjistër, organet shtetërore kompetente dhe organizatat e përmendura në paragrafin (1) të këtij neni mund t’i shfrytëzojnë ekskluzivisht për kryerjen e funksionit të vet të përcaktuar me ligj.”

Neni 6

Pas nenit 19 shtohet nen i ri 19-a si vijon:

"Shmangia e regjistrit

Neni 19-a

(1) Sipas kërkesës për shmangien e regjistrit vendos drejtori i Regjistrit qendror me konkluzion.

(2) Me konkluzionin me të cilin është miratuar kërkesa për shmangie, do të caktohet person tjetër i autorizuar i cili do të vendosë në procedurën lidhur me lëndën në të cilën është përcaktuar shmangia."

Neni 7

Në nenin 39 paragrafi (1) pika 2) ndryshon si vijon:

"2) janë plotësuar kushtet për regjistrim të përcaktuara me ligj;"

Pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3) si vijon:

"(2) Gjatë regjistrimit regjistruesi:

1) nuk e kontrollon ligjshmërinë dhe vërtetësinë e përmbajtjes së shtojcave (dokumenteve dhe dëshmive) të cilat paraqiten gjatë regjistrimit në regjistër;

2) nuk e kontrollon ligjshmërinë e procedurës në të cilat ato janë miratuar;

3) nuk kontrollon se të dhënat të cilat regjistrohen në regjistër a janë të vërteta dhe në pajtim me ligjin.

(3) Për vërtetësinë dhe ligjshmërinë e shtojcave dhe të dhënave nga paragrafi (2) përgjigjet personi, përkatësisht personat e përcaktuar me ligj."

Neni 8

Në nenin 41 paragrafi (1) fjalët: "pesë ditë" zëvendësohen me fjalët: "tri ditë pune".

Neni 9

Në nenin 44 paragrafi (1) ndryshon si vijon:

"(1) kundër aktvendimit për regjistrim të drejtë ankese ekskluzivisht ka paraqitësi i kërkesës për regjistrim."

Neni 10

Titulli i Kreut IV "DISPOZITA NDËSHKIMORE" ndryshon si vijon: "SANKSIONE PËR KUNDËRVAJTJE".

Neni 11

Në nenin 63 në paragrafin (1) fjalët: "Me dënim me para prej 80 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në një shumë prej 2500 deri 5000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"(2) Gjobë në një shumë prej 1000 deri 2000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) të këtij neni dhe personit përgjegjës në personin juridik.

Neni 12

Në nenin 64 në paragrafin (1) fjalët: "Me dënim me para prej 50 000 deri 150 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje", zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në një shumë prej 2500 deri 5000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"(2) Përveç gjobës për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni personit juridik do t'i kumtohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej tre deri më pesë vjet."

Paragrafi (3) ndryshon si vijon:

"(3) Gjobë në një shumë prej 1000 deri 2000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik. Përveç gjobës do t'i kumtohet edhe sanksion kundërvajtës ndalim i kryerjes së detyrës në kohëzgjatje prej tre deri më pesë vjet".

Neni 13

Në nenin 65 në paragrafin (1) fjalët: "Me dënim me para prej 50 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në një shumë prej 2500 deri 5000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".

Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

"(2) Gjobë në një shumë prej 1000 deri 2000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik.

Neni 14

Në neni 66 në paragrafin (1) fjalët: "Me dënim me para prej 50 000 deri 250 000 denarë do të dënohet për kundërvajtje" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në një shumë prej 2500 deri 5000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".Paragrafi (2) ndryshon si vijon:

„(2) Gjobë në një shumë prej 1000 deri 2000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i kumtohen për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik.

Neni 15

Në nenin 68 paragrafi (7) fshihet.

Neni 16

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse so të zbatohet prej 1 janar 2007.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

181.

Врз основа на член 12 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, донесувам

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се разрешува од член на Комисијата за помилување на Претседателот на Република Македонија:

- Александар Прчевски.

II

За член на Комисијата за помилување на Претседателот на Република Македонија се именува:

- Љупчо Шврговски, Јавен обвинител на Република Македонија.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-78
2 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

182.

Врз основа на член 12 став 6 од Законот за жичари и ски-лифтови („Сл.весник на РМ" бр. бр. 54/2000), министерот за транспорт и врски го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИ ПРЕГЛЕДИ НА ЖИЧАРИ И СКИ-ЛИФТОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за извршените прегледи на жичари и ски-лифтови.

Член 2

Правното лице кое управува со жичари и ски-лифтови за извршените дневни, неделни, месечни, полугодишни, годишни и двогодишни прегледи на жичарите и за извршените дневни, месечни и годишни прегледи на ски-лифтови води евиденција.

Член 3

Правното лице кое управува со жичарата евиденцијата за извршените прегледи на жичарата ја води во посебна книга.

Евиденцијата од став 1 на овој член може да се води и во електронска форма.

Составен дел на книгата за евиденција се извештаите за извршените прегледи на жичарите.

Член 4

Во книгата за извршените прегледи на жичарите задолжително се внесуваат следните податоци:

1. назив на правното лице кое управува со жичарата;
2. име на жичарата;
3. вид на прегледот (дневен, неделен, месечен, полугодишен, годишен и двогодишен);
4. број и дата на извештајот на извршениот преглед;
5. име и презиме на лицето кое го извршило прегледот и
6. забелешки.

Член 5

Правното лице кое управува со ски лифтовите евиденцијата за извршените прегледи на ски лифтовите ја води во посебна книга.

Евиденцијата од став 1 на овој член може да се води и во електронска форма.

Составен дел на книгата за евиденција се извештаите за извршените прегледи на ски-лифтовите.

Член 6

Во книгата за извршените прегледи на ски-лифтови задолжително се внесуваат следните податоци:

1. назив на правното лице кое управува со ски-лифтот;
2. име на ски-лифотот;
3. вид на прегледот (дневен, месечен и годишен);
4. број и дата на извештајот на извршениот преглед;
5. име и презиме на лицето кое го извршило прегледот и
6. забелешки.

Член 7

Податоците внесени во книгите за евиденција за извршените прегледи на жичарите и ски-лифтовите не смеат да се менуваат, бришат или поправаат.

Член 8

Книгите за евиденција за извршените прегледи на жичарите и ски-лифтовите се од трајна вредност и се чуваат кај правното лице кое управува со жичарата и ски-лифтот.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.01-1161
29 јануари 2007 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Миле Јанакиески, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

183.

Врз основа на член 20, став 4 од Законот за безбедност на производите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА БАРАЊАТА ЗА ЕФИКАСНОСТ НА НОВИТЕ ТОПЛОВОДНИ КОТЛИ ВО КОИ СОГОРУВААТ ТЕЧНИ ИЛИ ГАСОВИТИ ГОРИВА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат барањата за ефикасност кои се применливи на новите топловодни котли во кои согоруваат течни или гасовити горива со номинална моќност не помала од 4 kW и не поголема од 400 kW (во натамошниот текст: котли).

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- котел е: комбинација, тело на котел - пламеник, проектиран за пренос на топлината ослободена при согорувањето на горивото, на водата;
- уред е:
- тело на котелот, проектирано да има вграден пламеник;
- пламеник, проектиран да биде вграден во телото на котелот;
- ефективна номинална моќност (изразена во kW): е максимална топлинска моќност декларирана и гарантирана од производителот која се испорачува на потрошувачот при континуирана работа, со степен на корисност назначен од страна на производителот;
- степен на корисност (изразен во %): е однос меѓу топлината предадена на водата во котелот и производот на долната топлинска моќ на горивото при константен притисок и потрошувачка на гориво во единица време;
- делумно оптоварување (изразено во %): е однос меѓу ефективната моќност на котелот кој работи со прекини или со помала моќност од ефективната номинална моќност и непроменетата ефективна номинална моќност;
- средна температура на водата во котелот: е средна температура од температурите на водата на влез и на излез од котелот;
- стандарден котел: е котел за кој средната температура на водата може да биде ограничена со конструкцијата на котелот;
- заден котел:е котел проектиран за снабдување со топлина на систем за централно греење и за вградување во внатрешен простор на камин како дел од комбинацијата на заден котел на гасно гориво;
- нискотемпературен котел: е котел што може континуирано да работи со температура на водата од 35 до 40˚C, со можна појава на кондензација на водната пара во гасовите, во одредени услови, вклучувајќи ги котлите на течно гориво со кондензација на воденета пареа во гасовите;
- кондензациски котел: е котел проектиран за континуирана кондензација на голем дел од воденета пареа содржана во гасовите од согорувањето;
- котел за инсталирање во просторија за живеење: е котел со ефективна номинална моќност помала од 37 kW, проектиран да обезбеди топлина за греење на дел од просторот за живеење во кој е инсталиран, со зрачење на топлина од куќиште коешто има отворен експанзионен сад и да обезбеди снабдување со топла вода користејќи природна циркулација, при што котелот на неговото куќиште треба да има експлицитна ознака дека се инсталира само во простор за живеење.

Член 3

Одредбите од овој правилник не се применуваат за:

- топловодните котли во кои можат да согоруваат други горива, вклучувајќи и цврсти горива;
- опремата за моментална подготовка на топла вода;
- котлите проектирани да бидат ложени со горива чиишто карактеристики значително се разликуваат од карактеристиките на вообичаено ставените во промет течни и гасовити горива (индустриски отпадни гасови, биогас, итн.);
- шпорети и уреди проектирани главно за греење на просториите во кои тие се инсталирани и како дополнителна функција да обезбедуваат топла вода за централно греење и санитарна топла вода;
- уреди со номинална моќност помала од 6 kW со природна циркулација и проектирани искучиво за производство на складирана санитарна топла вода;
- повеќекратни уреди на топлинска енергија;
- котли произведени само во еден примерок.

Во случај на котли со двојна функција, т.е. за греење на простории и за обезбедување на санитарна топла вода, барањата за ефикасност утврдени во член 5 ставови 1 и 2 на овој правилник, се однесуваат само на нивната функција за греење.

II. БАРАЊА ЗА ЕФИКАСНОСТ НА КОТЛИТЕ

Член 4

Сите потребни мерки треба да се преземат, за да се осигури дека котлите не можат да бидат пуштени во работа ако не ги задоволуваат барањата за ефективност утврдени во член 5 ставови 1 и 2 на овој правилник и условите за пуштање во работа кои се донесени врз основа на локалните климатски услови и врз основа на енергетските и деловните или станбените карактеристики на градежните објекти.

Член 5

Котлите треба да ги исполнуваат следниве корисни барања за ефикасност:

- номинална моќност, т.е. работејќи со номинална моќност Pn изразена во kW, со средна температура на водата во котелот од 70˚C и
- делумно оптоварување, т.е. работејќи со 30% делумно оптоварување, при средна температура на водата во котелот која се менува во согласност со типот на котелот.

Корисните барања за ефикасност на котлите што треба да бидат исполнети се утврдени во следната табела:

Тип на котел	Опсег на моќноста (капацитет)	Степен на корисност при номинална моќност		Степен на корисност при делумно оптоварување	
	kW	Средна температура на водата во котелот (во °C)	Баран степен на корисност (во %)	Средна температура на водата во котелот (во °C)	Баран степен на корисност (во %)
Стандардни котли	4 до 400	70	≥84+2 logPn	≥50	≥80+3 logPn
Нискотемпературни котли (*)	4 до 400	70	≥87,5+1,5logPn	40	≥87,5+1,5logPn
Кондензациски котли	4 до 400	70	≥91+1 logPn	30(**)	≥97+1 logPn
(*) Вклучувајќи ги котлите на течни горива со кондензација на водената пареа во гасовите – кондензациски котли (**) Температура на водата за напојување на котелот					

Со националните стандарди подготвени врз основа на европските хармонизирани стандарди (во натамошниот текст: национални стандарди) кои се однесуваат на барањата утврдени со одредбите на овој правилник се одредуваат методите за верификација кои важат за производство и мерење, при што соодветни толеранции треба да бидат применети кај степените на корисност.

III. ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА

1. Претпоставка за сообразност

Член 6

Котлите што носат CE-ознака и се придружени со ЕС-изјава за сообразност, се смета дека се во согласност со одредбите од овој правилник, вклучувајќи ги и постапките за оцена на сообразноста.

Котлите што се во согласност со националните стандарди се смета дека се усогласени со суштествените барања за ефикасност утврдени во член 5 ставови 1 и 2 на овој правилник.

Член 7

Сообразноста на сериски произведените котли се потврдува со:

- испитување на ефикасноста на типот на котелот во согласност со Модул B, како што е опишано во глава V, подглава 1 на овој правилник,
- изјава за сообразност на одобрениот тип во согласност со Модулите C, D или E, како што е опишано во глава V, подглави 2, 3 и 4 на овој правилник.

Во случај кога се пуштаат на пазар уреди кои се продаваат во делови, тогаш тие треба да имаат изјава за сообразност која ги дефинира параметрите коишто им овозможуваат по склопувањето да ги постигнат нивоата на корисна ефикасност утврдени во член 5 ставови 1 и 2 на овој правилник.

2. Правни лица за вршење на оцена на сообразност

Член 8

Правното лице кое се овластува да ги врши постапките за оцена на сообразност на котлите (во натамошниот текст: овластено тело) треба да ги исполнува условите за вршење на оцена на сообразност, наведени во Глава IV од овој правилник.

Член 9

Овластеното тело, што ги исполнува условите за вршење на оцена на сообразност, наведени во Глава IV од овој правилник, може да се овласти за една или за повеќе од следните постапки за оцена на сообразност на котлите:

- испитување на тип (Модул "B"), во согласност со одредбите од глава V, подглава 1 на овој правилник,
- сообразност со тип (Модул "C"), во согласност со одредбите од глава V, подглава 2 на овој правилник,
- обезбедување на квалитет во производството (модул "D"), во согласност со одредбите од глава V, подглава 3 на овој правилник,
- обезбедување на квалитет на производот (модул "E"), во согласност со одредбите од глава V, подглава 4 на овој правилник.

Овластеното тело кое ги врши постапките за оцена на сообразност на котлите треба да има еднозначен идентификациски број на телото.

Член 10

Овластеното тело кое ги врши постапките за оцена на сообразност на котлите, треба постојано да ги исполнува условите наведени во Глава IV од овој правилник и да е способно да ги извршува и специфичните задачи од националните стандарди.

Член 11

Постапката за назначување (нотифицирање) на овластеното тело во Европската комисија, се изведува согласно прописите за безбедност на производите.

IV. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОВЛАСТЕНИТЕ ТЕЛА ШТО УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА

Член 12

Овластеното тело, неговите одговорни лица (директор, управител, раководител итн.) и неговиот стручен персонал одговорен за извршување на тестовите за верификација, не можат да бидат проектантот, производителот, набавувачот или монтерот на уредите кои ги контролираат, ниту пак овластениот претставник на која било од страните.

Овластеното тело, неговите одговорни лица (директор, управител, раководител итн.) и неговиот стручен персонал не треба да бидат вклучени директно, ниту како овластени претставници во проектирањето, конструкцијата, маркетингот или одржувањето на котлите и уредите, освен кога се работи за размена на технички информации помеѓу производителот и овластеното тело.

Член 13

Овластеното тело и неговиот стручен персонал треба да ги вршат тестовите за верификација со највисок степен на професионален интегритет и техничка компетентност и треба да бидат ослободени од сите притисоци и влијанија особено финансиски, кои можат да влијаат врз нивното оценување на резултатите од инспекцијата, особено од лица или од групи на лица кои имаат интерес за резултатот од верификациите.

Член 14

Овластеното тело треба да го има на располагање потребниот стручен персонал и да ги поседува неопходните капацитети за да можи правилно да ги извршува административните и техничките задачи поврзани со верификацијата, како и да има пристап до опрема која е потребна за извршување на специјални верификации.

Овластеното тело треба да има постојано вработени, најмалку тројца стручни лица кои се вклучени во процесот на оцена на сообразноста, и тоа:

- еден дипломиран инженер по машинство, со најмалку три години континуирано искуство на работи поврзани со оцена на сообразноста на котли,
- еден дипломиран инженер по машинство, со најмалку три години континуирано искуство на работи поврзани со испитување на котли,
- еден работник со средно образование од машинска насока, со најмалку три години континуирано искуство на работи поврзани со испитување на котли.

Кога овластеното тело врши и оцена или надзор на системите за квалитет, тогаш тоа треба да има и постојано вработен работник со високо образование кој е стручно оспособен и има најмалку три години искуство во областа на воведување и оцена на системи за квалитет.

Член 15

Стручниот персонал одговорен за инспекција треба да има:

- квалитетна техничка и професионална обука,
- задоволително познавање на барањата за тестовите што ги извршуваат и соодветно искуство со такви тестови,
- способност потребна за изготвување на сертификати, записници и извештаи потребни за верификација на тестовите.

Член 16

Овластеното тело треба да ја гарантира непристрасноста на неговиот стручен персонал при вршење на инспекцијата и нивната плата не треба да зависи од бројот на извршени тестови или од резултатите на тие тестови.

Овластеното тело треба да има соодветно осигурување од професионална одговорност.

Овластеното тело, неговите одговорни лица и неговиот стручен персонал треба да ја почитува професионалната доверливост што се однесува до сите информации добиени при извршувањето на задачите (освен пред надлежните државни органи) според овој правилник или според било која одредба од националното законодавство поврзана со извршувањето на постапките за оцена на сообразност на котлите.

V. ПОСТАПКИ ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ

1. Испитување на тип (Модул " В ")

Член 17

Испитување на тип (Модул "В"), во смисла на овој правилник, е дел од постапката со која овластеното тело утврдува и потврдува дека репрезентативниот примерок од производството е во согласност со одредбите на овој правилник што се однесуваат на примерокот.

Член 18

Барањето за испитување на тип треба да биде поднесено од страна на производителот или од неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија до овластено тело по негов избор.

Барањето од став 1 на овој член треба да содржи:

- име, презиме и адреса или назив и седиште на производителот, а ако барањето го поднесува неговиот овластениот претставник со седиште во Република Македонија, тогаш неговото име, презиме и адреса или назив и седиште,
- писмена изјава дека истото барање не е поднесено до ниедно друго овластено тело,
- техничка документација наведена во член 19 од овој правилник.

Барателот треба да обезбеди на располагање на овластеното тело репрезентативен примерок од производството кое се разгледува, (во натамошниот текст: „тип“), при што овластеното тело може да побара и други примероци ако е тоа потребно за тест-програмата.

Член 19

Техничката документација треба да обезбеди оцена на сообразноста на уредот со барањата утврдени со одредбите на овој правилник што се однесуваат на тој уред.

Доколку е потребно за да се оцени сообразноста, техничката документација од став 1 на овој член треба да ја опфаќа конструкцијата, производството и функционирањето на уредот и да го содржи следното:

- општ опис на типот,
- идеен проект, цртежи за изработка и шеми на компонентите, потсклоповите, колата, итн.,
- описи и објаснувања што се неопходни за разбирање на цртежите и шемите, како и за функционирањето на производот,
- список на национални стандарди наведени во член 5 став 3 од овој правилник, кои целосно или делумно се применети, како и опис на решенијата што се применети за исполнување на суштествените барања утврдени со одредбите на овој правилник, таму каде што националните стандарди наведени во член 5 од овој правилник не се примениле,
- резултати од направените проектни пресметки, извршените испитувања, итн.,
- извештаи од тестовите.

Член 20

Овластеното тело при испитување на тип треба:

1. да ја испита техничката документација, да потврди дека типот бил произведен во согласност со истата и да изврши идентификација на елементите што се

проектирани во согласност со релевантните одредби на националните стандарди наведени во член 5 став 3 од овој правилник, како и на тие што се проектирани без примена на одредбите од тие стандарди;

2. да изврши или да има извршено соодветни испитувања и потребни тестови за да провери дали во решенијата применети од страна на приозводителот, таму каде што не биле применети националните стандарди наведени во член 5 став 3 од овој правилник, се запазени суштествените барања утврдени со одредбите на овој правилник;

3.да изврши или да има извршено соодветни испитувања и потребни тестови за да провери дали, таму каде што производителот ги применил релевантните национални стандарди, тие навистина се применети;

4.да ја договори со барателот локацијата на која ќе се извршат испитувањата и потребните тестови.

Член 21

Кога типот ги задоволува одредбите што се однесуваат на него од овој правилник, тогаш овластеното тело треба на барателот да му издаде серификат за испитување на тип.

Сертификатот од став 1 на овој член, треба да го содржи името, презимето и адресата или називот и седиштето на производителот, заклучокот од испитувањето и потребните податоци за идентификација на одобрениот тип.

Кон сертификатот од став 1 на овој член треба да се приложи список на релевантните делови од техничката документација и копија од тоа треба да чува овластеното тело.

Ако овластеното тело одбие да издаде сертификат за испитување на тип, тогаш тоа треба на производителот или на неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија да му даде детално објаснување за одбивањето.

Во случај на одбивање за издавање на сертификат за испитување на тип, производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија, може да приговори до овластеното тело.

Член 22

Барателот треба да го извести овластеното тело што ја поседува техничката документација во врска со сертификатот за испитување на тип, за сите модификации на одобрениот уред, а кои можат да бидат предмет на дополнително одобрување таму каде што тие влијаат врз сообразноста со суштествените барања или со предвидените услови за користење на тој производ.

Дополнителното одобрение од став 1 на овој член треба да биде дадено во форма на дополнување на оригиналниот сертификат за испитување на тип.

Член 23

Секое овластено тело треба да ги информира и другите овластени тела за релевантни информации во врска со:

- издадени сертификати за испитување на тип,
- повлечени сертификати за испитување на тип и
- дополнети сертификати за испитување на тип.

Член 24

Овластените тела можат да добијат копии од сертификатите за испитување на тип и/или нивните дополнувања, како и да им бидат достапни и прилозите кон сертификатите.

Член 25

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да ја чува техничката документација, копии од сертификатите за испитување на тип заедно со нивните дополнувања уште 10 години откако е произведен последниот производ.

Во случај кога ниту производителот, ниту неговиот овластен претставник немаат седиште во Република Македонија, тогаш техничката документација ја чува на располагање, физичкото или правното лице што го пушта производот на пазарот.

2. Сообразност со тип (Модул " С ")

Член 26

Сообразност со тип (Модул "С"), во смисла на овој правилник, е дел од постапката со која производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија гарантира и изјавува дека уредите се во сообразност со типот опишан во сертификатот за испитување на тип и дека ги задоволуваат барањата што се однесуваат на тие уреди утврдени со одредбите на овој правилник.

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да стави ознака за сообразност на секој уред и да изготви писмена изјава за сообразност.

Член 27

Производителот треба да ги преземе сите потребни мерки за да осигури дека производственият процес гарантира сообразност на произведените уреди со типот онака како што е опишан во сертификатот за испитување на тип и со барањата за ефикасност што се однесуваат на тие уреди утврдени со одредбите на овој правилник.

Член 28

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да чува копија на изјавата за сообразност уште 10 години откако е произведен последниот производ.

Во случај кога ниту производителот, ниту неговиот овластен претставник немаат седиште во Република Македонија, тогаш техничката документација ја чува на располагање, физичкото или правното лице што го пушта производот на пазарот.

Член 29

Овластеното тело избрано од производителот треба во случајно избрани интервали да врши или да има извршено испитувања на производот.

Соодветен примерок од готовиот производ, земен на самото место од страна на овластеното тело, треба да биде испитан и да се извршат соодветни тестирања според методите дефинирани во применетите национални стандарди, или во националните стандарди наведени во член 5 став 3 од овој правилник или да се извршат еквивалентни на нив тестирања, за да се провери сообразноста на производот со соодветните барања утврдени со одредбите na овој правилник.

Во случај кога еден или повеќе од испитаните примероци на производите, не се во сообразност, овластеното тело треба да преземе соодветни мерки.

3. Обезбедување на квалитет во производството (Модул "D")

Член 30

Обезбедување на квалитет во производството (модул "D"), во смисла на овој правилник, е постапка со која производителот, кој ги исполнува обврските утврдени во член 31 од овој правилник, гарантира и изјавува дека уредите се во сообразност со типот опишан во сертификатот за испитување на тип и дека ги задоволуваат барањата што се однесуваат на тие уреди утврдени со одредбите на овој правилник.

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да стави ознака за сообразност на секој уред и да изготви писмена изјава за сообразност.

Ознаката за сообразност од став 2 на овој член треба да биде придружена со идентификационен број на овластеното тело кое ја врши проверката согласно членовите од 36 до 39 од овој правилник.

Член 31

Производителот треба да применува одобрен систем за квалитет на производство, завршна инспекција и тестирање на уредите согласно членовите од 32 до 35 од овој правилник и да подлежи на проверка согласно членовите од 36 до 39 од овој правилник.

3. 1. Систем за квалитет

Член 32

Производителот треба да поднесе барање за оценка на својот систем за квалитет на уредите до овластено тело по негов избор.

Барањето од став 1 на овој член треба да ги содржи:

- сите релевантни информации за одредената категорија на уреди,
- документацијата во врска со системот за квалитет,
- техничката документација за одобрениот тип и копија од сертификатот за испитување на тип.

Член 33

Системот за квалитет треба да обезбеди сообразност на уредите со типот опишан во сертификатот за испитување на тип и со барањата што се однесуваат на тие уреди утврдени со одредбите на овој правилник.

Сите елементи, барања и акти усвоени од страна на производителот, треба да бидат документирани на систематски и правилен начин во форма на писмени политики, постапки и упатства. Документацијата на системот за квалитет треба да овозможи правилна интерпретација на програмите за квалитет, плановите, упатствата за работа и евиденцијата на квалитетот.

Документацијата на системот за квалитет од став 2 на овој член треба да содржи, соодветен опис на:

- целите за квалитет и организационата структура, одговорностите и овластувањата на раководните органи во однос на квалитетот на уредот,
- производството, контролата на квалитетот и техниките, процесите и систематските мерки за обезбедување квалитет што се применуваат,
- испитувањата и тестовите што ќе се вршат пред, за време, и по производството, како и зачестеноста со која ќе се вршат,
- евиденцијата за квалитет, како што се извештаите од инспекцијата и податоците од тестови, податоците за калибрацијата, извештаите во врска со квалификациите на персоналот,
- средствата за мониторинг на постигнувањето на бараниот квалитет на уредот и ефективното функционирање на системот за квалитет.

Член 34

Овластеното тело треба да изврши оцена на системот за квалитет за да утврди дали тој ги задоволува барањата утврдени во член 33 од овој правилник.

Елементите од системот за квалитет кои се во согласност со релевантните национални стандарди се смета дека се во согласност и со соодветните барања утврдени во член 33 од овој правилник.

Тимот од оценувачи треба да има најмалку еден член со искуство во оцена на релевантната производна технологија. Постапката за оцена треба да вклучува посета заради инспекција на објектите на производителот.

Производителот треба да биде известен за резултатите. Известувањето треба да содржи заклучоци од испитувањето и образложена одлука за оцената.

Член 35

Производителот треба да преземе активности за исполнување на обврските кои произлегуваат од одобрениот систем за квалитет и да го одржува на задоволително и ефикасно ниво.

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да го извести овластеното тело кое го одобрило системот за квалитет, за секое планирано менување на системот за квалитет.

Овластеното тело треба да изврши оцена на предложените промени и да одлучи дали изменетиот систем за квалитет и понатаму ги задоволува барањата утврдени во член 33 од овој правилник или дали е потребна повторна оцена.

Производителот треба да биде известен за одлуката. Известувањето треба да содржи заклучоци од испитувањето и образложена одлука за оцената.

3. 2. Мониторинг за кој е одговорно овластеното тело

Член 36

Целта на мониторингот е да осигури дека производителот исправно ги извршува обврските што произлегуваат од одобрениот систем за квалитет.

Член 37

Производителот треба да му дозволи на овластеното тело пристап за да изврши инспекција до локациите за производство, инспекција, тестирање и складирање и да му ги обезбеди сите потребни информации, а особено:

- документацијата за системот за квалитет,
- евиденцијата за квалитет, како што се извештаите за инспекцијата и податоците од тестирања, податоците за калибрацијата, извештаите за квалификациите на конкретниот персонал, итн.

Член 38

Овластеното тело треба да врши периодични оценувања за да се осигура дека производителот го одржува и го применува системот за квалитет и треба да му достави извештај од оценувањето на производителот.

Член 39

Овластеното тело може да изврши неочекувани посети на производителот, а доколку е потребно, овластеното тело може да врши тестирања или да побара нивно извршување, за да потврди дека системот за обезбедување на квалитет функционира правилно.

Овластеното тело на производителот треба да му достави извештај за извршената посета, а доколку е извршен тест и извештај од тестот.

3. 3. Чување на документација и доставување на информации

Член 40

Производителот треба уште 10 години откако е произведен последниот производ, да ги чува на располагање за надлежните државни органи:

- документацијата наведена во член 32 став 2 алинеја 2 од овој правилник;
- промените наведени во член 35 став 2 од овој правилник;
- одлуките и извештаите од овластено тело што се наведени во член 35 став 4 и во членовите 38 и 39 од овој правилник.

Член 41

Секое овластено тело треба да ги информира и другите овластени тела за релевантните информации во врска со:

- издадени одобренија за систем за квалитет и
- повлечени одобренија за систем за квалитет.

4. Обезбедување квалитет на производот (Модул "Е")

Член 42

Обезбедување квалитет на производот (модул "Е"), во смисла на овој правилник, е постапката со која производителот, кој ги исполнува обврските утврдени во член 43 од овој правилник, гарантира и изјавува дека котлите и уредите се во сообразност со типот опишан во сертификатот за испитување на тип.

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да стави ознака за сообразност на секој котел и уред и да изготви писмена изјава за сообразност.

Ознаката за сообразност од став 2 на овој член треба да биде придружена со идентификационен број на овластеното тело кое ја врши проверката согласно членовите од 48 до 51 од овој правилник.

Член 43

Производителот треба да применува одобрен систем за квалитет за завршната инспекција и тестирање на котлите и уредите согласно членовите од 44 до 47 од овој правилник и да подлежи на проверка согласно членовите од 48 до 51 од овој правилник.

4. 1. Систем за квалитет

Член 44

Производителот треба да поднесе барање за оценка на својот систем за квалитет за котлите и уредите до овластено тело по негов избор.

Барањето од став 1 на овој член треба да ги содржи:

- сите релевантни информации за одредената категорија на котел и уред,
- документацијата во врска со системот за квалитет,
- техничката документација за одобрениот тип и копија од сертификатот за испитување на тип.

Член 45

Според системот за квалитет, секој котел и уред треба да се испита и да се спроведат соодветни тестови како што е дефинирано во релевантните национални стандарди наведени во член 5 од овој правилник или еквивалентни тестови, со цел да се потврди нивната сообразност со барањата што се однесуваат на тие производи утврдени со одредбите на овој правилник.

Сите елементи, барања и акти усвоени од страна на производителот, треба да бидат документирани на систематски и правилен начин во форма на писмени политики, постапки и упатства. Документацијата на системот за квалитет треба да овозможи правилна интерпретација на програмите за квалитет, плановите, упатствата и евиденцијата.

Документацијата на системот за квалитет од став 2 на овој член треба да содржи, соодветен опис на:

- целите за квалитет и организационата структура, одговорностите и овластувањата на раководните органи во однос на квалитетот на производот,
- испитувањата и тестовите што треба да се извршат после производството,
- средствата за мониторинг на ефективното функционирање на системот за квалитет,
- евиденцијата за квалитет, како што се извештаите од инспекцијата и податоците од тестови, податоците за калибрацијата, извештаите во врска со квалификациите на персоналот.

Член 46

Овластеното тело треба да изврши оцена на системот за квалитет за да утврди дали тој ги задоволува барањата утврдени во член 45 од овој правилник.

Елементите од системот за квалитет кои се во согласност со релевантните национални стандарди се смета дека се во согласност и со соодветните барања утврдени во член 45 од овој правилник.

Тимот од оценувачи треба да има најмалку еден член со искуство во оцена на релевантната производна технологија. Постапката за оцена треба да вклучува посета заради инспекција на објектите на производителот.

Производителот треба да биде известен за резултатите. Известувањето треба да содржи заклучоци од испитувањето и образложена одлука за оцената.

Член 47

Производителот треба да преземе активности за исполнување на обврските кои произлегуваат од одобрениот систем за квалитет и да го одржува на задоволително и ефикасно ниво.

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија треба да го извести овластеното тело кое го одобрило системот за квалитет, за секое планирано менување на системот за квалитет.

Овластеното тело треба да изврши оцена на предложените промени и да одлучи дали изменетиот систем за квалитет и понатаму ги задоволува барањата утврдени во член 45 од овој правилник или дали е потребна повторна оцена.

Производителот треба да биде известен за одлуката. Известувањето треба да содржи заклучоци од испитувањето и образложена одлука за оцената.

4. 2. Мониторинг за кој е одговорно овластеното тело

Член 48

Целта на мониторингот е да осигури дека производителот исправно ги извршува обврските што произлегуваат од одобрениот систем за квалитет.

Член 49

Производителот треба да му дозволи на овластеното тело пристап за да изврши инспекција до локациите на инспекција, тестирање и складирање и да му ги обезбеди сите потребни информации, а особено:

- документацијата за системот за квалитет,
- техничка документација,
- евиденцијата за квалитет, како што се извештаите од инспекцијата и податоците од тестови, податоците за калибрацијата, извештаите во врска со квалификациите на конкретниот персонал.

Член 50

Овластеното тело треба да врши периодични оценувања за да се осигура дека производителот го одржува и го применува системот за квалитет и треба да му достави извештај од оценувањето на производителот.

Член 51

Овластеното тело може да изврши неочекувани посети на производителот, а доколку е потребно, овластеното тело може да врши тестирања или да побара нивно извршување, за да потврди дека системот за обезбедување на квалитет функционира правилно.

Овластеното тело на производителот треба да му достави извештај за извршената посета, а доколку е извршен тест и извештај од тестот.

4. 3. Чување на документација и доставување на информации

Член 52

Производителот треба уште 10 години откако е произведен последниот котел или уред, да ги чува на располагање за надлежните државни органи:

- документација наведена во член 44 став 2 алинеја 3 од овој правилник,
- промените наведени во член 47 став 2 од овој правилник;
- одлуките и извештаите од овластено тело што се наведени во член 47 став 4 и во членовите 50 и 51 од овој правилник.

Член 53

Секое овластено тело треба да ги информира и другите овластени тела за релевантните информации во врска со:

- издадени одобренија за систем за квалитет и
- повлечени одобренија за систем за квалитет.

VI. СЕ-ОЗНАЧУВАЊЕ ЗА СООБРАЗНОСТ

Член 54

Кога котлите се пуштаат на пазарот, тогаш тие треба да носат СЕ-ознака која ги содржи иницијалите "СЕ".

СЕ ознаката за сообразност се состои од кратенката СЕ која ја има формата дадена во Прилогот 1 кој е составен дел на овој правилник.

Ако СЕ ознаката е намалена или зголемена, тогаш треба да бидат запазени пропорциите дадени во Прилогот 1.

СЕ ознаката кај различните компоненти, во основа, треба да ја има истата вертикална димензија која не може да биде помала од пет милиметри.

СЕ ознаката треба да е поставена видливо, забележливо и неотстранливо на котлите.

Член 55

На котлите не се стават ознаки што може погрешно да ги насочи физичките и правните лица во однос на значењето или формата на СЕ ознаката.

На котлите и уредите може да се стави и секоја друга ознака, ако со тоа не се намали видливоста и читливоста на СЕ ознаката.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 56

Одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на СЕ-ознаките ќе се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или по влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница и со назначување (нотифицирање) на овластено тело од Република Македонија во Европската комисија.

Член 57

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, производителите можат да пуштаат на пазарот котли и уреди без поставување на ознака за сообразност, доколку истите се произведени во Република Македонија и ги задоволуваат суштествените барања за ефикасност кои се утврдени со одредбите на овој правилник.

Во случајот од став 1 на овој член, производителот на котлите и уредите треба од овластено тело за оценка на сообразност во Република Македонија да обезбеди сертификат за сообразност, согласно постапките за оцена на сообразност, утврдени со одредбите на овој правилник, а имајќи ги предвид соодветните национални стандарди.

Сертификатот за сообразност издаден согласно став 2 на овој член, ја заменува ознаката за сообразност, а истиот го чува производителот на котлите и уредите уште 10 години откако е произведен последниот производ. Копија од сертификатот за сообразност, заверена од производителот, треба да ја придружува документацијата на секој произведен котел и уред.

Член 58

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или до влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница или до влегувањето во сила на соодветен билатерален договор за меѓусебно признавање на документи, секој котел кој е увезен и кој се пушта на пазарот на Република Македонија треба да поседува сертификат за сообразност издаден од страна на овластено тело во Република Македонија согласно одредбите од глава V на овој правилник. Овластеното тело може да издаде сертификат за сообразност само за соодветната постапка за кое е овластено.

Сертификатот за сообразност од став 1 на овој член, се издава врз база на ЕС изјава за сообразност од производителот, сертификатот за ЕС испитување на тип, сертификат за одобрен систем за квалитет, резултати од соодветни извршени тестирања и анализа на степенот на усогласеност со суштествените барања за ефикасност утврдени со одредбите на овој правилник.

Сертификатот за сообразност од став 1 на овој член, се издава за секој произведен котел и треба да ја придружува неговата документацијата.

Доколку се утврди дека произведениот котел не ги задоволува барањата за ефикасност утврдени со одредбите на овој правилник, не се издава сертификат за сообразност, а овластеното тело за таквата одлука ја информира Комисијата за безбедност на производите согласно закон.

Член 59

По пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или со влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската Заедница, во смисла на овој правилник ќе се користат следниве термини:

- "овластен претставник со седиште во Европската унија или во Република Македонија" наместо, "овластен претставник со седиште во Република Македонија",
- "ЕС-изјава за сообразност" наместо, "изјава за сообразност",
- "ЕС испитување на тип" наместо, " испитување на тип"
- "ЕС-сертификат за испитување на тип" наместо, "сертификат за испитување на тип"
- "СЕ ознака" наместо, "ознака за сообразност"

Со примената на одредбите од овој правилник кои се однесуваат на СЕ ознаките и со назначување (нотифицирање) на овластено тело од Република Македонија во Европската комисија, во смисла на овој правилник ќе се користат следниве термини:

- "СЕ ознака" наместо, "ознака за сообразност"
- "нотифицирано тело" наместо, "овластено тело"
- "идентификациски број на нотифицираното тело" наместо, "идентификациски број на овластеното тело". Идентификацискиот број на нотифицираното тело е бројот кој го доделува Европската комисија.

Член 60

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 25-614/1
22 јануари 2007 година
Скопје

Министер,
Вера Рафајловска, с.р.

Прилог 1

'СЕ' ОЗНАЧУВАЊЕ НА СООБРАЗНОСТ

Означувањето на сообразност треба да се состои од иницијалите 'СЕ' со следнава форма:



184.

Врз основа на член 20, став 4 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ПУШТАЊЕ НА ПАЗАР НА ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат основните заштитни барања кои треба да ги задоволува личната заштитна опрема (во натамошниот текст: опрема) за да ја гарантира заштитата на здравјето и безбедноста на корисниците, постапките за сертификација при нивното пуштање на пазар, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните лица што учествуваат во постапките за сертификација.

Член 2

Опрема, во смисла на овој правилник, е секој уред или апарат наменет за носење или држење од страна на поединец, заради заштита од една или од повеќе опасности по здравјето и безбедноста.

Опремата од став 1 на овој член вклучува и:

1. целина составена од неколку уреди или апарати кои производителот интегрално ги комбинирал заради заштитата на поединецот од еден или повеќе потенцијално истовремени ризици;

2. заштитен уред или апарат комбиниран, деливо или неделиво, со личната незаштитна опрема што ја носи или држи поединецот заради вршење на конкретно дејство;

3. заменливи компоненти на опремата кои се суштински за нејзиното задоволително функционирање и се користат исклучиво за таа опрема.

Инспекција, во смисла на овој правилник вклучува испитување на проектот на опремата, самата опрема и одредување на нејзината сообразност со одредени барања или, врз основа на професионална процена, со општите барања.

Член 3

Секој систем пуштен на пазарот кој е поврзан со опремата заради нејзино поврзување со друг надворешен, дополнителен уред, се смета за составен дел на таа опрема, и ако системот не е наменет за постојано носење или држење од страна на корисникот во текот на целото времетраење на изложеноста на ризикот.

Член 4

Одредбите од овој правилник не се применуваат за:

1. опрема опфатена со друг технички пропис донесен за да се постигнат истите цели како и овој правилник во однос на пуштањето на пазар, слободното движење на стоки и безбедноста;

2. опрема проектирана и произведена специјално за користење од страна на вооружените сили или за спроведување на законот и редот (шлемови, штитови, итн.);

3. опрема за самоодбрана (аеросол канистри, лично оружје за заплашување, итн.);

4. опрема проектирана и произведена за сопствена употреба за заштита од:

- неповолни атмосферски услови (капи, сезонска облека, обувки, чадори, итн.);
- влага и вода (ракавици за миење садови, итн.);
- топлина (ракавици, итн.);

5. опрема наменета за заштита или спасување на лица на бродови или на воздухоплови, која не се носи цело време;

6. шлемови и визири наменети за корисници на мотоцикли и трицикли.

Член 5

Опремата опфатена со овој правилник може да се пушта на пазарот и да се става во употреба само ако, кога правилно се одржува и се користи според намената, го чува здравјето и ја гарантира безбедноста на корисниците без штета по здравјето или безбедноста на други поединци, домашни животни или стоки.

На пропишувањето на барања што се сметаат за неопходни за обезбедување на заштита на корисниците, одредбите од овој правилник нема да влијаат, освен ако тоа не значи модифицирање на таквата опрема на начин што не е определен со одредбите на овој правилник.

Член 6

На саемски манифестации, изложби, итн. може да се прикажува опрема која не е во согласност со одредбите на овој правилник, под услов, да е изложена соодветна забелешка што ја покажува нивната неусогласеност и нивната забрана за поседување и/или користење за каква било намена се додека тие не се усогласат од страна на производителот или од неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија.

Член 7

Опремата опфатена со овој правилник треба да ги задоволува основните здравствени и безбедносни барања пропишани во Глава II од овој правилник.

II. ОСНОВНИ ЗДРАВСТЕНИ И БЕЗБЕДНОСНИ БАРАЊА

1. Општи барања применливи на сите видови на опрема

Член 8

Опремата треба да гарантира соодветна заштита од сите ризици на кои се наидува.

1.1. Начела на проектирање

1.1.1. Ергономија

Член 9

Опремата треба да биде така проектирана и произведена што во предвидливи услови на нејзина предвидена намена корисникот ќе може нормално да го врши дејството поврзано со ризикот, а истовремено да ужива соодветна заштита од највисоко можно ниво.

1.1.2. Нивоа и класи на заштита

1.1.2.1. Највисоко можно ниво на заштита

Член 10

Оптималното ниво на заштита што треба да се има предвид кај проектот е она зад кое ограничувањата наметнати со носењето на опремата би го спречиле нејзиното ефективно користење во текот на изложеноста на ризикот или за нормалното вршење на дејството.

1.1.2.2. Класи на заштита соодветни за различни нивоа на ризик

Член 11

Кога различните предвидливи услови на користење се такви што може да се разликуваат неколку нивоа на ист ризик, тогаш при проектирањето на опремата треба да се имаат предвид соодветните класи на заштита.

1.2. Нештетност на опремата

1.2.1. Непостоење на ризици и други „својствени" непријатни фактори

Член 12

Опремата треба да биде проектирана и произведена така што ќе исклучува ризици и други непријатни фактори под предвидливи услови на користење.

1.2.1.1. Соодветни составни материјали

Член 13

Материјалите и деловите на опремата, вклучувајќи ги сите производи од нивното распаѓање не треба негативно да влијаат врз хигиената или здравјето на корисникот.

1.2.1.2. Задоволителна површинска состојба на сите делови од опремата кои се во контакт со корисникот

Член 14

Секој дел од опремата кој е во контакт или е во потенцијален контакт со корисникот, кога се носи таква опрема, не треба да биде груб, да има остри рабови, испакнувања и сл., кои би можеле да предизвикаат прекумерно надразнување или повреди.

1.2.1.3. Максимално дозволени попречувања на корисникот

Член 15

Сите попречувања што опремата ги предизвикува за движењата што треба да се извршат, за позите што треба да се заземаат и за сетилната перцепција, треба да се минимизираат, како и не треба да предизвикува движења кои го загрозуваат корисникот или другите лица.

1.3. Удобност и ефикасност

1.3.1. Приспособување на опремата кон морфологијата на корисникот

Член 16

Опремата треба да биде проектирана и произведна така што на корисникот ќе му го олесни нејзиното правилно поставување и ќе остане на место во текот на времетраењето на предвидливиот период на користење, имајќи ги предвид факторите на средината, движењата што треба да се направат и позите што треба да се заземаат.

Во случајот од став 1 на овој член, треба да се овозможи оптимална приспособливост на опремата кон морфологијата на корисникот со сите соодветни средства, како што се адекватните системи за приспособување и за местење или обезбедување на адекватен опсег на големини.

1.3.2. Маса и проектирана цврстина

Член 17

Опремата треба да биде што е можно полесна без да се нарушува проектираната цврстина и ефикасност.

Опремата треба да биде способна да ги издржи ефектите на појавите во средината кои се својствени на предвидливите услови на користење, покрај посебните дополнителни барања кои треба да ги исполни за да обезбеди адекватна заштита од ризиците согласно членовите од 34 до 56 на овој правилник.

1.3.3. Компатибилност на различни класи или типови на опрема наменети за едновремено користење

Член 18

Ако еден ист производител пушта на пазарот неколку модели на опрема од различни класи или типови, тогаш за да се гарантира едновремената заштита на соседните делови на телото од комбинирани ризици, тие треба да се компатибилни.

1.4. Информации што ги обезбедува производителот

Член 19

Белешките што треба да ги изготви производителот и да ги обезбеди кога опремата ја пушта на пазарот, освен името, презимето и адресата или називот и седиштето на производителот и/или на неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија, треба да ги содржи сите битни информации за:

1. складирање, користење, чистење, одржување, сервисирање и дезинфицирање. Производите за чистење, одржување или дезинфицирање, препорачани од страна на производителот не треба да имаат негативен ефект на опремата или на корисниците кога се применуваат во согласност со релевантните упатства;

2. перформансата евдиентирана при техничките тестирања извршени за да се проверат нивоата или класите на заштита што ги обезбедува соодветната опрема;

3. соодветната галантерија за опремата и својствата на соодветните резервни делови;

4. класите на заштита во согласност со различните нивоа на ризик и соодветните ограничувања за користење;

5. крајниот рок на застарување или период на застарување на опремата или на некои од нејзините компоненти;

6. видот на пакувањето погоден за транспорт;

7. значењето на сите ознаки согласно член 31 од овој правилник;

8. називот, седиштето и идентификацискиот број на правното лице кое учествува во проектната фаза на опремата.

Белешките од став 1 на овој член, треба да бидат прецизни, сеопфатни и напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

2. Дополнителни барања заеднички за неколку класи или типови на опрема

2.1. Опрема што вклучува системи за приспособување

Член 20

Ако опремата вклучува системи за приспособување, тогаш таа треба да биде проектирана и произведена така што да не дојде до неправилно приспособување без знаење на корисникот под предвидливи услови на користење.

2.2. Опрема што ги „покрива" деловите на телото што треба да се заштитат

Член 21

Опремата што ги „покрива" деловите на телото што треба да се заштитат, колку што е можно повеќе, треба соодветно да се проветрува за да се ограничи потењето како резултат на нејзиното користење, а ако случајот не е таков, тогаш таа треба, ако е можно, да се опреми со уреди за впивање на потта.

2.3. Опрема за лице, очи и респираторниот тракт

Член 22

Сите ограничувања на видното поле или погледот на корисникот на опремата за лице, очи или респираторниот тракт треба да се минимизираат.

Степенот на оптичката неутралност на визирните системи на класите на опрема од став 1 на овој член треба да бидат усогласени со типот на релативно прецизни и/или пролонгирани дејства на корисникот.

Ако е неопходно, тогаш опремата од став 1 на овој член треба да се третира или да биде опремена со помагала за да го спречат создавањето на влага.

Моделите на опрема наменети за корисниците кои бараат коригирање на видот треба да бидат усогласени со носењето очила или контактни леќи.

2.4. Опрема подложна на стареење

Член 23

Ако се знае дека стареењето може значително да влијае на перформансата на проектот на новата опрема, тогаш ако е можно, датумот на производството и/или датумот на застарувањето, треба да биде неизбришливо

впишан на секоја опрема или на заменливата компонента пуштена на пазар, на таков начин што ќе се исклучи секое погрешно толкување, при што информацијата треба да биде неизбришливо впишана и на пакувањето.

Ако производителот не е во состојба да даде гаранција за крајниот рок на користење на опремата, тогаш неговите белешки треба да ги обезбедуваат сите информации потребни да му се овозможи на купувачот или корисникот да утврди разумен датум на застарување, имајќи го предвид нивото на квалитетот на моделот и ефективните услови на складирање, употреба, чистење, сервисирање и одржување.

Кога е извесно дека ќе дојде до значително и брзо опаѓање на карактеристиките на опремата предизвикано со повремено користење на постапката за чистење препорачана од страна на производителот, тогаш производителот треба, ако е можно, да стави ознака на секое парче опрема пуштено на пазарот на која ќе биде наведен максималниот број на операции на чистење што може да се извршат пред опремата да треба да се испита или отпише, при што ако не го стори тоа, тогаш производителот треба оваа информација да ја даде во своите белешки.

2.5. Опрема која може да се потфати за време на користењето

Член 24

Кога предвидливите услови на користење особено го вклучуваат ризикот од опремата да биде потфатена од предмет во движење со што ќе се создаде опасност за корисникот, тогаш опремата треба да поседува соодветен праг на отпорност над кој некој нејзин составен дел ќе се скрши и ќе ја отстрани опасноста.

2.6. Опрема за користење во експлозивни средини

Член 25

Опремата наменета за користење во експлозивни средини треба да биде проектирана и произведена така што да не може да биде извор на електричен, електростатичен или од ударно-индуциран лак или од искра за кои постои веројатност дека може да предизвикаат експлозивна смеса да се запали.

2.7. Опрема наменета за користење во итен случај или за брзо монтирање и/или отстранување

Член 26

Опремата наменета за користење во итен случај или за брзо монтирање и/или отстранување треба да биде така проектирана и произведена што ќе го минимизира времето потребно за местење и (или) отстранување.

Секој интегрален систем кој дозволува точно позиционирање на, или отстранување од, корисникот, треба да е приспособен за брзо и лесно ракување.

2.8. Опрема за користење во многу опасни ситуации

Член 27

Информативните белешки што ги обезбедува производителот заедно со опремата за користење во многу опасни ситуации наведена во член 62 точка а) од овој правилник, особено, треба да вклучуваат податоци наменети за користење исклучиво од страна на компетентно обучени поединци кои се квалификувани да ги толкуваат и да обезбедат нивна примена од страна на корисникот.

Информативните белешки од став 1 на овој член треба да содржат и опис на постапката што ќе се пропише за да се потврди дека опремата е исправно приспособена и функционална кога ја носи корисникот.

Ако опремата содржи аларм кој се активира во отсуство на нормално обезбедено ниво на заштита, тогаш тој треба да биде така проектиран и сместен што корисникот ќе го осети во услови на користење за кои опремата се продава.

2.9. Опрема која содржи компоненти кои може да ги адаптира или отстранува корисникот

Член 28

Секоја компонента на опремата што корисникот може да ја адаптира или отстранува со цел да ја замени, треба да биде проектирана и произведена така што ќе го олесни нејзиното адаптирање, местење и отстранување без алатки.

2.10. Опрема за поврзување со друг, надворешен комплементарен уред

Член 29

Ако опремата содржи систем кој дозволува поврзување со друг комплементарен уред, тогаш механизмот за спојување треба да биде така проектиран и произведен што ќе се овозможи тој да може да се монтира само на соодветната опрема.

2.11. Опрема која содржи систем за циркулација на течност

Член 30

Ако опремата содржи систем за циркулација на течност, тогаш тој треба да биде така избран или проектиран, и вграден, што ќе овозможи соодветно обновување на течноста во близина на целиот дел од телото што треба да го штити, без разлика на гестовите на корисникот, неговата положба или движењата при предвидливите услови на нејзиното користење.

2.12. Опрема која носи една или повеќе ознаки за идентификација или препознавање кои непосредно или посредно се поврзани со здравјето и безбедноста

Член 31

Ознаките за идентификација или препознавање кои непосредно или посредно се поврзани со здравјето и безбедноста ставени на предметните типови или класи на опрема треба, ако е можно, да бидат дадени во вид на национални пиктограми или идеограми и треба да останат совршено читливи за целото времетраење на нејзиниот предвиден рок на употреба.

Ознаките од став 1 на овој член треба да бидат целосни, прецизни и сеопфатни за да се спречи какво било погрешно толкување, особено кога таквите ознаки вклучуваат зборови или реченици, тогаш тие треба да се појават на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Ако опремата (или компонента на опремата) е премногу мала за да може да се стават сите или дел од неопходните ознаки, тогаш битните информации треба да бидат споменати на пакувањето и во белешките на производителот.

2.13. Опрема во вид на облека што може визуелно да го сигнализира присуството на корисникот

Член 32

Опремата во вид на облека наменета за предвидливи услови на користење во кои присуството на корисникот треба да биде сигнализирано визуелно и индивидуално, треба да има едно (или повеќе) соодветно позиционирани средства или уреди за емитување на директно или рефлектирано видливо зрачење кое има соодветен интензитет на луминисценција и фотометриски и колориметриски својства.

2.14. Повеќенаменска опрема

Член 33

Секоја опрема наменета да го штити корисникот од неколку потенцијални едновремени ризици треба да биде така проектирана и произведена што особено ќе ги задоволува, основните барања специфични за секој од тие ризици согласно членовите од 34 до 56 на овој правилник.

3. Дополнителни барања кои се специфични за посебни ризици

3.1. Заштита од механички удар

3.1.1. Удар предизвикан од паѓачки или исфрлени објекти и од судар на деловите од телото со пречка

Член 34

Соодветната опрема за овој тип на ризик треба да има задоволително ниво на апсорбирање на удари за да се спречи ранување, особено како резултат на кршење или пробивање на заштитениот дел, барем до она ниво на ударната енергија над кое прекумерните димензии или масата на уредот за апсорбирање би го оневозможиле ефективното користење на опремата во предвидливиот рок на носење.

3.1.2. Падови

3.1.2.1. Спречување на падови предизвикани со лизгање

Член 35

Надворешните ѓонови за обувки наменети за спречување на падови треба да бидат така проектирани, произведени или опремени со дополнителни елементи што ќе обезбедат задоволителна адхезија со притискање и триење имајќи ја предвид природата или состојбата на површината.

3.1.2.2. Спречување на падови од височина

Член 36

Опремата наменета за спречувањето падови од височина или нивни ефекти треба да вклучува појас и ремени и систем за закачување кои можат да се поврзат со безбедна точка за закотвување.

Опремата од став 1 на овој член треба да е проектирана така што при предвидливите услови на користење ќе се минимизира вертикалниот пад на корисникот за да се спречи судрување со пречки, но така што силата на сопирање нема да ја достигне критичната вредност на која може да се очекува дека ќе се појави физичка повреда или кинење или пукање на која било од компонентите на опремата коишто би можеле да предизвикаат пад на корисникот.

Опремата од став 1 на овој член треба да гарантира дека по сопирањето корисникот останува во правилна положба во која, ако е потребно, ќе може да чека помош.

Во упатствата на производителот треба конкретно да се наведат сите битни информации во врска со:

1.својствата што треба да ги поседува безбедната точка за закотвување и неопходниот минимален чист простор под корисникот,

2. исправниот начин на појасот и ремените и поврзувањето на системот за закачување со безбедната точка за закотвување.

3.1.3. Механички вибрации

Член 37

Опремата наменета за превенција на ефектите од механичките вибрации треба да биде способна да гарантира адекватно ослабување на штетните вибрациони компоненти за оној дел од телото кој е изложен на ризик.

Под никакви околности ефективната вредност на забрзувањата што се пренесуваат до корисникот преку механичките вибрации не треба да ги надмине препорачаните гранични вредности со оглед на максималната предвидлива секојдневна изложеност на делот од телото на овој ризик.

3.2. Заштита од (статичко) напрегање на дел од телото

Член 38

Опремата наменета за да се заштити дел од телото од (статичко) напрегање треба да поседува соодветна способност за ослабување на тие ефекти за да се спречи сериозна повреда или хронични проблеми.

3.3. Заштита од физичка повреда (триење, перфорација, исеченици, гризнатини)

Член 39

Составните материјали и другите компоненти на опремата наменети за заштита на целото тело или на дел од телото од површински повреди предизвикани од машински уреди, како што се триење, перфорација, исеченици или гризнатини, треба да се така одбрани или проектирани и вклопени што ќе гарантираат дека тие класи на опрема обезбедуваат соодветна отпорност на триење, пефорирање и длабоко засекување согласно членовите од 34 до 37 на овој правилник во предвидливи услови на користење.

3.4. Спречување на давење (спасувачки елеци, прстени и костими)

Член 40

Опремата наменета за спречување на давење треба да е способна, без да му го загрози здравјето, што е можно побрзо да го врати на површината корисникот кој може да е исцрпен или во несвест по паѓањето во течна средина и да го одржува на површината во положба којашто му овозможува да дише додека чека помош.

Според своите својства, опремата од став 1 на овој член може да е целосно или делумно способна да се одржува на вода или може да се надува со помош на гас којшто може да се пушта рачно или автоматски или пак со уста.

Во предвидливи услови на користење:

1. опремата без да се нарушува нејзиното задоволително функционирање, треба да биде во состојба да ги поднесе ефектите на ударот со течната средина и факторите на околината својствени за таа средина;

2. опремата на надувување треба да е во состојба брзо и целосно да се надува.

Кога така предвидуваат посебните предвидливи услови на користење, тогаш одредени видови опрема треба да исполнуваат едно или повеќе од следните дополнителни барања:

- да ги содржи сите уреди за надување наведени во став 2 на овој член, и/или светлосен или звучен сигнален уред;

- да има уред за прикачување и врзување на телото така што корисникот ќе може да го извлечат од течната средина;

- да е соодветна за продолжено користење во текот на целото времетраење на дејството на коешто е изложен корисникот, кој веројатно е облечен, односно на ризикот од паѓање во течна средина или пак ако од него се бара да се нурне во неа.

3.4.1. Помагала за одржување на вода

Член 41

Облеката која обезбедува ефективен степен на одржливост на вода во зависност од нејзината предвидлива употреба, треба да е безбедна кога се носи и да овозможува позитивна потпора во вода.

Во предвидливи услови на употреба, опремата од став 1 на овој член не треба да ја ограничува слободата на движење на корисникот, но треба особено да му овозможи да плива или да преземе дејство за да избега од опасноста или за да спасува други лица.

3.5. Заштита од штетните ефекти на бучава

Член 42

Опремата наменета за спречување на штетни ефекти од бучава треба да е во состојба да ја ослаби бучавата до таков степен што еквивалентните звучни нивоа што ги прима корисникот, под никакви околности, не треба да ги надминат дневните гранични вредности утврдени во прописите за заштита на работниците од бучава на работното место.

Опремата од став 1 на овој член треба да носи етикета на која е наведено нивото на ослабување на бучавата и вредноста на показателот за комфор што го обезбедува опремата, при што, ако тоа не е можно, тогаш етикетата треба да се стави на пакувањето.

3.6. Заштита од жештина и/или пожар

Член 43

Опремата наменета за заштита на целото тело или дел од телото од ефектите на жештина и/или пожар треба да поседува способност за топлинска изолација и механичка цврстина кои соодветствуваат на предвидливите услови на употреба.

3.6.1. Составни материјали и други компоненти на опремата

Член 44

Составните материјали и други компоненти соодветни за заштита од зрачење и конвекција на топлина треба да поседуваат соодветен коефициент на пренос на случаен проток на топлина и да бидат доволно несогорливи за да исклучат каков било ризик од спонтано палење во предвидливи услови на употреба.

Кога надворешноста на материјалите и компонентите од став 1 на овој член треба да е рефлектирачка, тогаш нејзината рефлектирачка моќ треба да соодветствува на интензитетот на протокот на топлина кој се должи на зрачењето во инфрацрвеното подрачје.

Материјалите и другите компоненти на опремата наменета за краткотрајно користење во средини со висока температура и на опремата којашто жешките производи, како што се големите количества растопен материјал, може да ја уништат, исто така треба, да поседува термички капацитет доволен за да задржи поголем дел од складираната топлина сé додека корисникот не ја напушти опасната зона и не ја отстрани својата опрема.

Материјалите и другите компоненти на опремата што може да се уништат поради големите количества жешки производи, исто така, треба да поседуваат и соодветна способност за апсорпција на механички удари согласно членовите од 34 до 37 на овој правилник.

Материјалите и другите компоненти на опремата кои можат случајно да дојдат во контакт со пламен и тие кои се користат во производството на противпожарна опрема,исто така, треба да поседуваат степен на незапаливост соодветен на класата на ризик поврзана со предвидиливите услови на користење, при што тие не треба да се топат кога се изложени на пламен ниту да придонесуваат за ширење на пламен.

3.6.2. Комплетирана опрема подготвена за користење

Член 45

Во предвидливи услови на користење:

1. количеството топлина што опремата го пренесува на корисникот треба да биде доволно ниско за да се спречи топлината, акумулирана во текот на носењето во делот од телото кој е изложен на ризик, да достигне праг на болка или загрозување на здравјето;

2. опремата треба, ако е потребно, да спречува продирање на течност или пареа и не треба да предизвикува изгореници како резултат на контакт меѓу нејзината заштитна обвивка и корисникот.

Ако опремата содржи уреди за ладење за апсорбција на случајна топлина преку испарување на течност или директно испарување на цврсти тела, тогаш нејзиниот проект треба да е таков што сите испуштени испарливи супстанции ќе се исфрлуваат надвор од нејзината надворешна заштитна обвивка, а не кон корисникот.

Ако опремата содржи уред за дишење, тогаш тој треба адекватно да ја исполнува својата заштитна функција во предвидливи услови на користење.

Во белешките на производителот кои одат во прилог на секој модел на опрема наменета за краткотрајно користење во средина со висока температура, треба особено да се обезбедат сите податоци битни за утврдување на дозволеното максимално изложување на корисникот на топлина што ја пренесува опремата кога се користи во согласност со нејзината предвидена намена.

3.7. Заштита од студ

Член 46

Опремата наменета за заштита на целото или на дел од телото од ефектите на студот треба да поседува способност за термоизолација и механичка цврстина кои се соодветни со предвидливите услови на употреба за кои се продава.

3.7.1. Составни материјали и други компоненти на опремата

Член 47

Составните материјали и другите компоненти соодветни за заштита од студ, треба да поседуваат коефициент на пренос на случаен проток на топлина онолку низок колку што се бара во предвидливи услови на употреба. Флексибилни материјали и други компоненти на опремата наменета за користење во средина со ниска температура, треба да го задржуваат степенот на флексибилност кој се бара заради неопходните движења и пози.

Материјалите и другите компоненти на опремата кои може да се уништат поради големи количества студени производи, исто така, треба да поседуваат соодветна моќ за апсорпција на механички удари согласно членовите од 34 до 37 на овој правилник.

3.7.2. Комплетирана опрема подготвена за користење

Член 48

Во предвидливи услови на користење:

1. протокот што се пренесува од опремата на корисникот треба да биде соодветно низок за да се спречи студот акумулиран во текот на носењето на која било точка од делот на телото којшто го штити, вклучувајќи ги врвовите на прстите на рацете и нозете, да достигне, под какви било околности, праг на болка или загрозување на здравјето;

2. опремата треба, колку што е можно повеќе, да спречува продирање на течности како што е дождовница и не треба да предизвикува повреди како резултат на контактот меѓу нејзината студена заштитна обвивка и корисникот.

Ако опремата содржи уред за дишење, тогаш тој треба адекватно да ја исполнува својата заштитната функција во предвидливи услови на користење.

Во белешките на производителот, кои одат во прилог на секој модел на опрема наменета за краткотрајно користење во средини со ниска температура, треба да се наведат сите податоци битни за дозволеното максимално изложување на корисникот на студот што го пренесува опремата.

3.8. Заштита од електричен удар

Член 49

Опремата наменета за заштита на целото или дел од телото од ефектите на електричната струја треба да биде соодветно изолирана од напоните на коишто се претпоставува дека корисникот ќе биде изложен во најнеповолни предвидливи услови.

Составните материјали и другите компоненти на класите на опрема од став 1 на овој член треба да бидат избрани или проектирани и вградени на таков начин што ќе гарантираат минимално продирање на струјата преку заштитната обвивка измерено во услови на тестирање при напони соодветни на оние за кои се претпоставува дека ќе се сретнат на теренот и, во сите случаи, дека продирањето е под конвенционално дозволената максимална вредност која е соодветна на прагот на толеранција.

Заедно со нивното пакување, типовите на опрема коишто се наменети исклучиво за користење во текот на работи или дејства во електрични инсталации кои се или може да бидат под напон, треба да носат ознаки со кои конкретно се определува нивната класа на заштита и (или) соодветен оперативен напон, нивниот сериски број и датумот на производство.

Надвор од заштитната обвивка на опремата од став 3 на овој член треба да се обезбеди простор за запишување на датумот на нејзиното пуштање во работа и за датумите на извршените периодични тестирања или инспекции.

Во белешките на производителот треба конкретно да се наведе ексклузивната намена на соодветните типови на опрема и природата и зачестеноста на диелектричните тестирања на коишто треба да бидат подложени во текот на нивното времетраење.

3.9. Заштита од зрачење

3.9.1. Нејонизирачко зрачење

Член 50

Опремата наменета за спречување на акутни или хронични оштетувања на очите од извори на нејонизирачко зрачење, треба да биде во состојба да го апсорбира или рефлектира поголемиот дел од енергијата што се зрачи во штетните бранови должини без прекумерно да влијае на преносот на нештетниот дел од видливиот спектар, на примањето на контрастите и на способноста за разликување бои каде што тоа го бараат предвидливите услови на користење.

Заштитните очила за опремата од став 1 на овој член треба да бидат проектирани и произведени на таков начин што, за секој штетен бран, ќе поседуваат таков фактор на спектрален пренос што ќе ја минимизира густината на осветлувањето на зрачената енергија способна да допре до окото на корисникот преку филтерот и, под никакви околности, не треба да ја надмине дозволената максимална вредност на изложувањето.

Заштитните очила од став 2 на овој член не треба да се истрошат или да ги губат својствата како резултат на ефектите на зрачењето што се емитува во предвидливи услови на употреба и сите пуштени на пазарот примероци треба да го носат бројот на заштитниот фактор соодветен на кривата на спектралната распределба на нивниот фактор на пренос.

Очилата соодветни за извори на зрачење од ист вид треба да се класифицираат според растечкиот ред на нивните заштитни фактори и во белешките на производителот треба конкретно да се наведат кривите на распределба коишто овозможуваат да се избере најсоодветната опрема имајќи ги предвид таквите својствени фактори на ефективните услови на користење како што се оддалеченоста од изворот и спектралната распределба на енергијата што се зрачи на таа оддалеченост.

Производителот треба да го наведе релевантниот број на заштитниот фактор на сите примероци на филтрирачки очила.

3.9.2. Јонизирачко зрачење

3.9.2.1. Заштита од надворешна радиоактивна контаминација

Член 51

Составните материјали и другите компоненти на опремата наменети за заштита на целото или на дел од телото од радиоактивен прав, гасови, течности или нивни смеси, треба да бидат избрани или проектирани и вградени на таков начин што опремата ќе гарантира ефективно спречување на навлегувањето на контаминантите во предвидливи услови на користење.

Во зависност од природата или состојбата на контаминантите, неопходната херметичност може да се обезбеди со непропустливост на заштитната обвивка и/или со какво и да е друго соодветно средство, како што се системите за вентилација и херметизација наменети за спречување на повратното расејување на овие контаминанти.

Какви било мерки за деконтаминација на кои опремата е предмет не треба да ја исклучуваат можноста за нејзино повторно користење во текот на предвидливиот рок на траење на овие класи опрема.

3.9.2.2. Ограничена заштита од надворешно озрачување

Член 52

Опремата наменета за целосна заштита на корисникот од надворешно озрачување или, во случај ова да потфрли, од адекватно ослабување на истото, треба да биде проектирана да се спротивставува само на зрачењето на слаб електрон (на пр., бета) или слаб фотон (на пр., X, гама).

Составните материјали и другите компоненти на класите на опрема од став 1 на овој член треба да бидат избрани или проектирани и вградени така што ќе го обезбедат степенот на заштита на корисникот што го бараат предвидливите услови на користење без да водат кон зголемување на времето на изложеност како резултат на давање отпор на движењата, положбата или движењето на корисникот согласно член 17 од овој правилник.

Опремата треба да носи ознака која укажува на типот и дебелината на составниот материјал (материјали) соодветен за предвидливите услови на користење.

3.10. Заштита од опасни супстанции и инфективни агенси

3.10.1. Респираторна заштита

Член 53

Опремата наменета за заштита на респираторниот тракт треба да овозможува снабдување на корисникот со воздух за дишење кога тој е изложен на загадена атмосфера и/или на атмосфера која содржи неадекватна концентрација на кислород.

Воздухот за дишење со кој корисникот се снабдува преку опремата треба да е добиен преку соодветни средства, на пример, по филтрирање на загадениот воздух преку заштитниот уред или апарат или преку цевовод од незагаден извор.

Составните материјали и другите компоненти на класите на опрема од став 1 на овој член треба да се избрани или проектирани и вградени на таков начин што на корисникот му гарантираат соодветно дишење и респираторна хигиена во текот на нејзиното носење во предвидливи услови на употреба.

Херметичноста на делот за лицето и опаѓањето на притисокот при вдишување и, во случај на уреди за филтрирање, пречистувачкиот капацитет, треба да се такви што продирањето на контаминантите од загадената атмосфера го одржуваат на доволно ниско ниво кое нема да е штетно по здравјето или хигиената на корисникот.

Опремата треба да ја носи ознаката за идентификација на производителот и деталите за посебните својства на тој вид опрема кои, заедно со упатствата за користење, ќе му овозможат на обучениот и квалификуваниот корисник правилно да ја користи опремата.

Во случај на уреди за филтрирање, во белешките на производителот треба да се наведе и крајниот рок за чување на филтрите како нови и чувани во нивните оригинални пакувања.

3.10.2. Заштита од допир со кожа и очи

Член 54

Опремата наменета за спречување на површинскиот контакт на целото или на дел од телото со опасни супстанции и инфективни агенси, треба да ја поседува способноста да спречува пробивање или дифузија на ваквите супстанции преку заштитната обвивка во предвидливи услови на користење за кои опремата е пуштена на пазарот.

Составните материјали и другите компоненти на класите на опрема од став 1 на овој член треба да се избрани или проектирани и вградени на таков начин што ќе гарантираат најголем можен степен на херметичност што ќе овозможи, каде што е неопходно, пролонгирано секојдневно користење или, во недостиг на ова, ограничена херметичност којашто бара ограничување на времетраењето на нејзиното носење.

Кога, по сила на нивната природа и предвидливите услови на користење на опремата, одредени опасни супстанции или инфективни агенси поседуваат голема способност за продирање која го ограничува времетраењето на заштитата што ја обезбедува таа опрема, тогаш опремата треба да подлежи на стандардни тестирања во однос на нејзината класификација врз основа на ефикасноста.

Опремата за која се смета дека е усогласена со спецификациите од тестовите треба да носи ознака со која конкретно се наведуваат називите или, во недостиг на ова, шифрите на супстанциите кои биле користени во тестовите и соодветното стандардно времетраење на заштитата.

Белешките на производителот треба особено да содржат објаснување на шифрите (ако е потребно), детален опис на стандардните тестови и сите соодветни информации за определување на дозволеното максимално времетраење на носење во предвидливи услови на користење.

3.11. Безбедносни уреди за нуркачка опрема

3.11.1. Опрема за дишење

Член 55

Опремата за дишење треба да овозможи снабдување на корисникот со смеса од гасови за дишење, во предвидливи услови на користење, при што особено се зема предвид и максималната длабочина на нурнувањето.

Член 56

Кога предвидливите услови на користење бараат така, тогаш опремата треба да содржи:

1. костим што го штити корисникот од притисокот кој е резултат на длабочината на нурнувањето согласно член 38 од овој правилник и/или од студот согласно член 46 од овој правилник;

2. аларм наменет за итно предупредување на корисникот за наближувачкиот дефект во снабдувањето со смеса од гасови за дишење согласно член 27 од овој правилник;

3. спасувачки костим што му овозможува на корисникот да се врати на површината согласно член 41 од овој правилник.

III. ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА

1. Претпоставка за сообразност

Член 57

Опремата или компонентите на опремата што носат CE-ознака и се придружени со ЕС-изјава за сообразност, се смета дека се во согласност со одредбите на овој правилник, вклучувајќи ги и постапките за сертификација.

Опремата или компонентите на опремата што се во согласност со националните стандарди подготвени врз основа на европските хармонизирани стандарди (во натамошниот текст: национални стандарди) се смета дека се усогласени со основните барања наведени во Глава II од овој правилник.

Член 58

Кога опремата подлежи на други технички прописи кои се однесуваат на посебни барања и кои предвидуваат ставање на ознака за сообразност, тогаш ознаката за сообразност треба да покажува дека опремата ги исполнува и одредбите на тие технички прописи.

2. Постапки за сертификација

Член 59

За моделот на опрема, пред да се пушти на пазарот, од страна на производителот или од неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија се составува техничката документација согласно членовите 67 и 68 од овој правилник, ако е потребно, и се доставува до надлежните државни органи.

Член 60

Пред сериското производство на опремата, освен за опремата наведена во член 61 од овој правилник, од страна на производителот или од неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија се поднесува модел за испитување на тип согласно одредбите од Глава V на овој правилник.

Член 61

Испитување на тип не се бара во случај на модели на опрема со едноставен проект, каде што проектантот претпоставува дека самиот корисник може да го оцени нивото на обезбедена заштита од минималните ризици чиишто ефекти, кога се постепени, корисникот може навремено и безбедно да ги идентификува.

Категоријата од став 1 на овој член ја покрива исклучиво опремата наменета за заштита на носителот од:

1. механичко дејство со површински ефекти (градинарски ракавици, напрстоци, итн.);

2. материјали за чистење со слабо дејство и лесно реверзибилни ефекти (ракавици кои обезбедуваат заштита од разредени раствори на детергенти, итн.);

3. ризици при ракување со жешки компоненти кои не го изложуваат корисникот на температура која надминува 50ºC или на опасни влијанија (ракавици, престилки за професионална употреба, итн.);

4. атмосферски агенси кои не се ни од исклучителна ни од екстремна природа (капи, сезонска облека, обувки, итн.);

5. незначителни влијанија и вибрации кои не влијаат врз виталните подрачја на телото и чиишто ефекти не можат да предизвикаат неизлечиви повреди (лесни заштитни шлемови, ракавици, лесни обувки, итн.);

6. сончева светлина (очила за сонце).

Член 62

Производството на опрема е предмет на:

а) една или две постапки, според изборот на производителот, согласно одредбите од Глава VI на овој правилник во случај на опрема со сложен проект наменета за заштита од смртна опасност или од опасности што би можеле сериозно и неизлечиво да го нарушат здравјето, за чиишто непосредни ефекти проектантот претпоставува дека корисникот не може да ги идентификува во задоволително време.

Категоријата од точка (а) од овој член ги покрива исклучиво:

- филтрирачките респираторни уреди за заштита од цврсти и течни аеросоли или надразнувачки, опасни, токсични или радиотоксични гасови;

- респираторните заштитни уреди кои обезбедуваат целосна изолација од атмосферата, меѓу кои и оние што се користат при нуркање;

- опремата што обезбедува само ограничена заштита од хемиски напад или од јонизирачко зрачење;

- опремата за итни случаи што се користи во средина со висока температура чиишто ефекти се споредливи со оние на температура на воздухот од 100ºC или повеќе и кои може, или не треба, да се карактеризираат со присуство на инфрацрвено зрачење, пламен или исфрлување на големи количества растопен материјал;

- опремата за итни случаи што се користи во средини со ниска температура чиишто ефекти се споредливи со оние на температурата на воздухот од -50ºC или помалку;

- опремата за заштита од пад од височина;

- опремата за заштита од електрични ризици и опасни напони или таа што се користи како изолација во услови на работа под висок напон.

б) изјава за сообразност согласно член 69 од овој правилник за сите видови на опрема.

3. Правни лица за вршење на сертификација

Член 63

Правното лице кое се овластува да ги врши постапките за сертификација на опрема (во натамошниот текст: овластено тело) треба да ги исполнува условите за вршење на сертификација, наведени во Глава IV од овој правилник.

Член 64

Овластеното тело, што ги исполнува условите за вршење на сертификација, наведени во Глава IV од овој правилник, може да се овласти за една или за двете постапки за сертификација на опрема:

- испитување на тип согласно одредбите од Глава V на овој правилник,

- проверка на произведената опрема согласно одредбите од Глава VI на овој правилник.

Овластеното тело од став 1 на овој член треба да има еднозначен идентификациски број на телото.

Член 65

Овластеното тело кое ги врши постапките за сертификација на опрема, треба постојано да ги исполнува условите наведени во Глава IV од овој правилник и да е способно да ги извршува и специфичните задачи од националните стандарди.

Член 66

Постапката за назначување (нотифицирање) на овластеното тело во Европската комисија, се изведува согласно прописите за безбедност на производите.

4. Техничка документација што ја обезбедува производителот

Член 67

Документацијата наведена во член 59 од овој правилник треба да ги опфаќа сите битни податоци во однос на средствата што производителот ги користи како гаранција дека опремата е усогласена со основните барања кои се однесуваат на неа.

Член 68

Во случај на моделите на опрема наведени во член 60 од овој правилник, документацијата особено треба да содржи:

1.техничка документација која се состои од:

(а)сеопфатни и детални планови на опремата придружени, каде што е соодветно, со пресметки и резултати од тестирањата на прототипот во онаа мерка во која е неопходно за верификација на усогласеноста со основните барања;

(б)сеопфатен список на основните безбедносни барања и на националните стандарди или другите технички спецификации наведени во Глава II од овој правилник кои биле земени предвид при проектирање на моделот;

2.опис на средствата за контрола и тестирање што ќе се користат во постројките на производителот за да се провери усогласеноста на производството на опремата со националните стандарди или со другите технички спецификации и за одржување на нивото на квалитетот;

3. копија на упатството со информациите наведени во член 19 од овој правилник.

5. Изјава за сообразност на производството

Член 69

Изјавата за сообразност е постапка со којашто производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија:

1. изготвува изјава со користење на формуларот пропишан во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник, со која потврдува дека опремата пред пуштањето на пазар е во согласност со одредбите на овој правилник, при што истата ја користи за поднесување до надлежните државни органи;

2. ја става ознаката за сообразност утврдена со одредбите на Глава VII од овој правилник на секоја опрема.

IV. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОВЛАСТЕНИТЕ ТЕЛА ШТО УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

Член 70

Овластеното тело, неговите одговорни лица (директор, управител, раководител итн.), неговиот персонал и технички кадар одговорен за извршување на тестовите, изготвувањето на извештаите, издавањето на сертификатите и за вршењето на инспекција согласно одредбите на овој правилник, не можат да бидат проектантот, снабдувачот или производителот на опремата, ниту пак овластениот претставник на која било од страните.

Овлатеното тело, неговите одговорни лица (директор, управител, раководител итн.), неговиот персонал и технички кадар не треба да бидат вклучени директно или индиректно во проектирањето, изработката, маркетингот или одржувањето на опремата, ниту да ги застапуваат страните што се вклучени во таквите активности, освен кога се работи за размена на технички информации помеѓу производителот на опремата и тоа тела.

Член 71

Овластеното тело и неговиот персонал и технички кадар треба да ги вршат постапките на инспекција со највисок степен на професионален интегритет и техничка компетентност и треба да бидат ослободени од сите притисоци и влијанија особено финансиски, кои можат да влијаат врз оцената или врз резултатите од инспекцијата, особено од лица или групи лица кои имаат интерес од резултатите на инспекцијата.

Член 72

Овластеното тело треба да го има на располагање потребниот стручен персонал и да ги поседува неопходните средства и опрема за да овозможи правилно извршување на техничките и административните задачи поврзани со активностите на инспекција.

Овластеното тело треба да има постојано вработени, најмалку три стручни лица кои се вклучени во процесот на сертификација, и тоа:

- еден дипломиран инженер по заштита при работа, со најмалку пет години континуирано искуство на работи поврзани со испитување на опрема,
- еден дипломиран инженер од областа која се испитува, со најмалку пет години континуирано искуство во својата струка,
- еден технички извршител со најмалку средно образование од машинска насока, со најмалку три години континуирано искуство во својата струка.

Член 73

Стручниот персонал одговорен за инспекциите треба да има:

- квалитетна техничка и професионална обука и квалификација согласно националните стандарди,
- задоволително познавање на барањата за инспекциите што ги извршуваат и соодветно искуство со такви активности,
- способност потребна за изготвување на сертификати, записници и извештаи со кои се докажува дека проверките биле извршени.

Член 74

Овластеното тело треба да ја гарантира непристрасноста на неговиот стручен персонал при вршење на инспекцијата и нивните плати не треба да зависат од бројот на извршени инспекции или од резултатите на тие инспекции.

Овластеното тело треба да имаат соодветно осигурување од професионална одговорност.

Овластеното тело, неговите одговорни лица и неговиот стручен персонал треба да ја почитуваат професионалната доверливост што се однесува до сите информации добиени при извршувањето на задачите (освен пред надлежните државни органи) според овој правилник или според било која одредба од националното законодавство поврзана со извршувањето на постапките за сертификација на опремата.

V. ИСПИТУВАЊЕ НА ТИП

Член 75

Испитувањето на тип, во смисла на овој правилник е постапка со која овластеното тело утврдува и потврдува дека моделот на предметната опрема ги задоволува релевантните одредби од овој правилник.

Член 76

Барањето за испитување на тип за предметниот модел го поднесува производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија до само едно овластеното тело.

Барањето од став 1 на овој член содржи:

- име, презиме и адреса или назив и седиште на производителот или на неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија и на фабриката за производство на предметната опрема,
- техничката документација на производителот наведена во членовите 67 и 68 од овој правилник.

Барателот од став 1 на овој член приложува и соодветен број на мостри на моделот што треба да се одобри заедно со барањето.

Член 77

Овластеното тело врши испитување на тип во согласност со следните постапки:

1. Испитување на техничката документација на производителот:

- го испитува техничкото досие на производителот за да утврди дали соодветствува со националните стандарди;
- кога производителот не ги применил, или само делумно ги применил националните стандарди, или кога не постојат такви стандарди, тогаш овластено тело треба да провери дали соодветствува со техничките спецификации што ги користи производителот во однос на основните барања пред да ја испита техничката документација на производителот за да ја утврди неговата усогласеност со тие технички спецификации.

2. Испитување на модел:

- кога го испитува моделот, тогаш овластеното тело потврдува дека е произведен во согласност со техничката документација на производителот и дека може да се користи со целосна безбедност за својата предвидена намена;
- овластеното тело ги врши неопходните испитувања и тестирања за да утврди дека моделот е сообразен со националните стандарди;
- кога производителот не ги применил, или само делумно ги применил националните стандарди, или кога не постојат такви стандарди, тогаш овластеното тело ги врши потребните испитувања и тестирања за да утврди дека моделот е сообразен со техничките спецификации што ги користел производителот, т.е. дали тие соодветствуваат со основните барања.

Член 78

Ако моделот ги задоволува релевантните одредби од овој правилник, тогаш овластеното тело изготвува сертификат за испитување на тип и го известува барателот.

Во сертификатот од став 1 на овој член се внесуваат наодите од испитувањето, се наведуваат сите услови поврзани со неговото издавање и се вградуваат сите описи и цртежи неопходни за идентификување на одобрениот модел.

Копија од сертификатот од став 1 на овој член можат да добијат и другите овластени тела, а како одговор на нивно образложено барање, и примерок од техничката документација на производителот и извештаите од извршените испитувања и тестирања.

Документацијата од став 1 на овој член ќе биде на располагање на надлежните државни органи уште 10 години откако е пуштена опремата на пазарот.

Член 79

Секое овластено тело треба да ги информира и другите овластени тела за релевантни информации во врска со одбиени сертификати за испитување на тип.

Секое овластено тело треба да ги информира надлежните државни органи за релевантни информации во врска со повлечени сертификати за испитување на тип.

VI. ПРОВЕРКА НА ПРОИЗВЕДЕНАТА ОПРЕМА

1. Систем за контрола на квалитет за финален производ

Член 80

Производителот треба да ги презема сите неопходни чекори како гаранција дека производствениот процес, вклучувајќи го завршното испитување на опремата и тестовите, обезбедува конзистентност на производството и сообразност на опремата со типот опишан во сертификатот за одобрување на тип и со релевантните основни барања утврдени со одредбите на овој правилник.

Член 81

Овластеното тело што се избира од страна на производителот, ги врши неопходните проверки.

Проверките од став 1 на овој член се вршат по пат на случаен избор, обично на интервали од најмалку еднаш годишно.

Член 82

За да се провери сообразноста на опремата, овластеното тело зема соодветна мостра, ја испитува и врши соодветни тестирања дефинирани во националните стандарди или неопходни за докажување на сообразноста со основните барања утврдени со одредбите на овој правилник.

Член 83

Во случај кога овластеното тело не е она тело што го издало релевантниот сертификат за одобрување на тип, тогаш тоа стапува во контакт со телото кое го издало сертификатот во случај на потешкотии во врска со проценатa на сообразноста на мострите.

Член 84

Овластеното тело му доставува на производителот извештај од испитувањата. Ако во извештајот се заклучува дека производството не е конзистентно или дека испитаната опрема не е сообразна со типот опишан во сертификатот за одобрување на тип или со релевантните основни барања, тогаш телото презема мерки во согласност со природата на евидентираната грешка или грешки и за тоа го информира надлежниот државен орган.

Член 85

Производителот треба да е во состојба по барање да му го даде на увид, извештајот на овластеното тело.

2. Систем за обезбедување на квалитет на производството со помош на мониторинг

2.1.Систем

Член 86

Според системот за обезбедување на квалитет на производството со помош на мониторинг, производителот поднесува барање за одобрување на неговиот систем за контрола на квалитетот до овластеното тело по свој избор.

Барањето од став 1 на овој член ги содржи:

1. сите информации за категоријата на предметната опрема, меѓу кои, каде што е соодветно, документацијата за одобрениот модел,

2. документацијата за системот за контрола на квалитет,

3. дејствата преземени за исполнување на обврските кои произлегуваат од системот за контрола на квалитетот и за одржување на неговата соодветност и ефикасност.

Член 87

Според системот за контрола на квалитет, секоја опрема се испитува и се вршат соодветни тестови согласно член 82 од овој правилник за да се провери дали е сообразна со релевантните основни барања утврдени со одредбите на овој правилник.

Документацијата за системот за контрола на квалитетот особено вклучува соодветен опис на:

1. целите на квалитетот, оранизационата шема, одговорностите и овластувањата на раководните органи во однос на квалитетот на производот,

2. проверките и тестирањата што треба да се извршат по производството;

3. начините што ќе се користат за да се провери ефикасното функционирање на системот за контрола на квалитетот.

Член 88

Овластеното тело го оценува системот за контрола на квалитет за да утврди дали ги задоволува одредбите од член 87 на овој правилник. Овластеното тело ќе претпостави дека системите за контрола на квалитет во кои се применуваат релевантните национални стандарди се усогласени одредбите од член 87 на овој правилник.

Овластеното тело што го спроведува прегледот ги врши сите неопходни објективни вреднувања на компонентите на системот за контрола на квалитетот и особено проверува дали системот обезбедува сообразност на изработената опрема со одобрениот модел.

Одлуката му се соопштува на производителот и истата ги содржи заклучоците од проверката и образложението за донесената оценка.

Член 89

Производителот треба да го информира овластеното тело кое го одобрило системот за контрола на квалитетот за секој план за измена на системот за контрола на квалитетот.

Овластеното тело ги испитува предложените измени и одлучува дали изменетиот систем за контрола на квалитетот ги задоволува релевантните одредби од овој правилник.

Овластеното тело треба да му ја соопшти одлуката на производителот и истата ги содржи заклучоците од проверката и образложението за донесената оценка.

2.2. Мониторинг

Член 90

Целта на мониторингот е да гарантира дека производителот коректно ги извршува обврските кои произлегуваат од одобрениот систем за контрола на квалитет.

Член 91

Производителот треба да му овозможи на овластеното тело пристап за да изврши инспекција, до местата за инспекција, тестирање и просториите за складирање на опремата и да му ги обезбеди на телото сите потребни информации, а особено:

1. документацијата во врска со системот за контрола на квалитетот,

2. техничката документација,

3. прирачниците за контрола на квалитет.

Член 92

Овластеното тело треба периодично да врши преглед за да гарантира дека производителот го одржува и применува одобрениот систем за контрола на квалитетот и треба на производителот да му достави примерок од извештајот за прегледот.

Член 93

Овластеното тело може ненајавено да го посетува производителот. Во текот на посетите овластеното тело треба да му го достави на производителот извештајот од посетата и, ако е соодветно, извештајот од прегледот.

Член 94

Производителот треба да е во состојба по барање да му го даде на увид, извештајот на овластеното тело.

VII. СЕ-ОЗНАЧУВАЊЕ ЗА СООБРАЗНОСТ

Член 95

СЕ-ознаката треба да ги содржи иницијалите "СЕ". СЕ ознаката за сообразност се состои од кратенката СЕ која ја има формата дадена во Прилогот 2 кој е составен дел на овој правилник.

Ако СЕ ознаката е намалена или зголемена, тогаш треба да бидат запазени пропорциите дадени во Прилогот 2.

СЕ ознаката кај различните компоненти, во основа, треба да ја има истата вертикална димензија која не може да биде помала од пет милиметри и истите минимални мерки може да отстапуваат само за опрема со мали димензии.

СЕ ознаката треба да биде придружена со идентификациски број на нотифицираното тело кое е вклучено во фазата на прозводствена контрола согласно членовите од 80 до 94 на овој правилник.

Член 96

СЕ ознаката се става на секоја произведена опрема и на нејзиното пакување на начин што таа ќе биде видлива, читлива и неизбришлива во текот на целиот предвидлив рок на користење на таа опрема.

Ако не е можно поради карактеристиките на опремата да стави СЕ ознака, тогаш таа може да се стави на нејзиното пакување.

Член 97

На опремата не се стават ознаки што може погрешно да ги насочи физичките и правните лица во однос на значењето или формата на СЕ ознаката.

На опремата или на нејзиното пакување може да се стави и секоја друга ознака, ако со тоа не се намали видливоста и читливоста на СЕ ознаката.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 98

Одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на ЦЕ-ознаките ќе се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или по влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница и назначување (нотифицирање) на овластено тело од Република Македонија во Европската комисија.

Член 99

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, производителите можат да пуштаат на пазарот опрема без поставување на ознака за сообразност или СЕ ознака, доколку истите се произведени во Република Македонија и ги задоволуват основните барања кои се утврдени со одредбите на овој правилник.

Во случај од став 1 на овој член, производителот на опремата треба од овластено тело за оценка на сообразност во Република Македонија да обезбеди сертификат за сообразност на опрема, согласно постапките за сертификација, утврдени со одредбите на овој правилник, а имајќи ги предвид соодветните национални стандарди.

Сертификатот за сообразност издаден согласно став 2 на овој член, ја заменува ознаката за сообразност, а истиот го чува производителот уште 10 години откако опремата е проверена за последен пат. Копија од сертификатот за сообразност, заверена од производителот, треба да ја придружува документацијата на секоја опрема.

Член 100

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, или до влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница или до влегувањето во сила на соодветен билатерален договор за меѓусебно признавање на документи, секоја опрема која е увезена и се пушта на пазарот на Република Македонија, треба да поседува сертификат за сообразност издаден од страна на овластено тело во Република Македонија согласно постапките за сертификација, утврдени со одредбите на овој правилник. Овластеното тело може да издаде сертификат за сообразност единствено за соодветната постапка за кое е овластено.

Сертификатот за сообразност од став1 на овој член, се издава врз основа на ЕС изјава за сообразност од производителот, сертификат за ЕС испитување на тип, сертификат за одобрен систем за контрола на квалитет, резултати од соодвети извршени тестирања и анализа на степенот на усогласеност со основните барања утврдени со одредбите од овој правилник.

Сертификатот за сообразност од став 1 на овој член, се издава за секој тип на опрема и треба да ја придружува неговата документација.

Доколку се утврди дека опремата не ги задоволува основните барања утврдени со одредбите на овој правилник, не се издава сертификат за сообразност, а овластеното тело за таквата одлука ја информира Комисијата за безбедност на производите согласно закон.

Член 101

По пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или со влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската Заедница, во смисла на овој правилник ќе се користат следниве термини:

- "овластен претставник со седиште во Европската Унија или во Република Македонија" наместо "овластен претставник со седиште во Република Македонија";
- "ЕС - изјава за сообразност" наместо "изјава за сообразност";
- "ЕС испитување на тип" наместо "испитување на тип";
- "ЕС - сертификат за испитување на тип" наместо "сертификат за испитување на тип";
- "СЕ ознака" наместо "ознака за сообразност";

Со примената на одредбите од овој правилник кои се однесуваат на СЕ ознаките и со назначување (нотифицирање) на тело од Република Македонија во Европската комисија, во смисла на овој правилник ќе се користат следниве термини:

- "СЕ ознака" наместо "ознака за сообразност";
- "нотифицирано тело" наместо "овластено тело"
- "идентификациски број на нотифицираното тело" наместо "идентификациски број на овластеното тело". Идентификацискиот број на нотифицирано тело е бројот кој го доделува Европската комисија.

Член 102

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да се применува Правилникот за средствата за лична заштита при работа и за личната заштитна опрема ("Службен лист на СФРЈ" бр. 35/69).

Член 103

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 25-614/1
22 јануари 2007 година
Скопје

Министер,
Вера Рафајловска, с.р.

Прилог 1

ИЗЈАВА ЗА СООБРАЗНОСТ

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија ([1]):

_____
_____
_____

тврди дека долуопишаната нова лична заштитна опрема ([2])

_____
_____
_____
_____
_____

е сообразна со одредбите на Правилникот за пуштање на пазар на лична заштитна опрема ("Службен весник на Република Македонија" бр._____) и, каде што случајот е таков, со националниот стандард бр._____ (за лична заштитна опрема наведена во член 61 од Правилникот за пуштање на пазар на лична заштитна опрема)
е идентична со личната заштитна опрема која е предмет на сертификатот за сообразност бр._____ издаден од ([3]) ([4]) _____
_____
_____

е предмет на постапката утврдена во членовите од 80 до 85 или во членовите од 86 до 94 ([4]) од Правилникот за пуштање на пазар на лична заштитна опрема ("Службен весник на Република Македонија" бр._____) под надзор на овластеното тело ([3]) _____
_____
_____
_____

Во _____, на _____

Потпис ([5])
М.П. _____

([1]) Деловно име и целосна адреса; овластениот застапник треба да го наведе и деловното име и адресата на производителот.
([2]) Опис на личната заштитна опрема (изработка, тип, сериски број, итн.).
([3]) Назив и седиште на овластеното тело.
([4]) Избришете секоја ставка која е неприменлива.
([5]) Име и функција на лицето овластено за потпишување во име на производителот или неговиот овластен застапник.

Прилог 2

'CE' ОЗНАЧУВАЊЕ НА СООБРАЗНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ

Означувањето на сообразност треба да се состои од иницијалите 'CE' со следнава форма:



185.

Врз основа на член 20, став 4 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА БАРАЊАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ДОМАШНИТЕ ФРИЖИДЕРИ, ЗАМРЗНУВАЧИ И КОМБИНАЦИЈА ОД НИВ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат барањата за енергетска ефикасност на домашните фрижидери, замрзнувачи и комбинација од нив, како и постапката за оцена на сообразноста при нивното пуштање на пазар.

Член 2

Одредбите од овој правилник се применуваат на новите електрични домашни фрижидери, кабинети за складирање на замрзната храна, замрзнувачи на храна, и комбинации на нив како што се дефинирани во Методот за пресметување на максимум дозволената потрошувачка на електрична енергија на ладилен апарат и постапките за проверка на сообразност (Прилог 1) кој е составен дел на овој правилник (во натамошниот текст: ладилни апарати).

Одредбите од овој правилник не се применуваат на апаратите кои исто можат да користат други извори на енергија, посебно акумулатори и домашни ладилни апарати кои работат на принцип на апсорпција, произведени во еден примерок.

II. БАРАЊА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ЛАДИЛНИТЕ АПАРАТИ

Член 3

Сите потребни мерки треба да се преземат, за да се осигури дека ладилните апарати опфатени со одредбите на овој правилник можат да бидат пуштени на пазарот само ако потрошувачката на електрична енергија на предметниот апарат е помала или еднаква на максимум дозволената вредност на потрошувачка на електрична енергија за неговата категорија, како што е пресметано според постапките дефинирани во Прилогот 1.

Производителот на ладилниот апарат, неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија или физичкото или правното лице одговорно за пуштање на апаратот на пазарот, треба да обезбеди, секој апарат пуштен на пазарот да соодветствува со барањата кои се однесуваат на тој апарат утврдени во став 1 на овој член.

III. ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА

Член 4

Ладилните апарати што носат CE-ознака и се придружени со изјава за сообразност составена во согласност со одредбите на глава IV од овој правилник, се смета дека се во согласност со одредбите на овој правилник.

Кога ладилните апарати се предмет и на други прописи кои опфаќаат други аспекти што предвидуваат поставување на ознака за сообразност, тогаш се смета дека ознаката за сообразност индицира дека ладилните апарати ги исполнуваат одредбите од тие прописи, освен ако се докаже спротивното.

IV. ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (МОДУЛ А)

Член 5

Модул А, во смисла на овој правилник, е постапка со која производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија кој ги спроведува обврските од член 6 на овој правилник, гарантира и изјавува дека ладилниот апарат ги задоволува релевантните барања што се однесуваат на тој апарат утврдени со одредбите на овој правилник.

Производителот треба да стави ознака за сообразност на секој ладилен апарат кој што го произведува и да изготви писмена изјава за сообразност.

Изјавата за сообразност од став 2 на овој член треба да бидат во печатена форма, заверена и напишана на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Член 6

Производителот треба да подготви техничка документација, која е опишана во член 7 од овој правилник и, или производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија, треба да ја чува на располагање за надлежните државни органи заради инспекциски потреби за период не помал од три години од денот кога е произведен последниот ладилен апарат.

Во случај кога ниту производителот, ниту неговиот овластен претставник немаат седиште во Република Македонија, тогаш техничката документација ја чува на располагање, физичкото или правното лице што го пушта ладилниот апарат на пазарот.

Член 7

Техничката документација треба да овозможи оцена на сообразноста на ладилниот апарат согласно барањата утврдени со одредбите на овој правилник што се однесуваат на тој апарат.

Доколку е потребно за да се оцени сообразноста, техничката документација од став 1 на овој член треба да го опфати конструирањето, производството и користењето на ладилниот апарат и да содржи:

- име, презиме и адреса или назив и седиште на производителот;
- општ опис на моделот доволен за недвосмислена идентификација;
- информација, вклучувајќи релевантни цртежи, на главните контури на конструкција на моделот и во одредени поединости кои осетно влијаат на неговата потрошувачка на електрична енергија, како што се димензии, волумен(ни), карактеристики на компресор, посебни особини и тн.;
- инструкции за користење, ако постојат;
- резултати на мерење на потрошувачка на електрична енергија спроведени во согласност со член 8 од овој правилник;
- детали на сообразноста на овие мерења споредено со бараната потрошувачка на електрична енергија одредена со Прилог 1.

Член 8

Производителите на ладилните апарати ја утврдуваат потрошувачката на електрична енергија на секој ладилен апарат опфатен со одредбите на овој правилник според процедурите специфицирани во националниот стандард MKS EN 153, како и за сообразноста на апаратот со барањата утврдени во член 3 на овој правилник.

Член 9

Производителот или неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија, треба да чува копија од изјавата за сообразност со техничката документација.

Член 10

Производителот треба да ги преземе сите потребни мерки за да осигури дека производствениот процес гарантира сообразност на произведените ладилни апарати со техничката документација наведена во член 6 од овој правилник и со релевантните барања утврдени со одредбите на овој правилник што се однесуваат на тие апарати.

V. СЕ-ОЗНАЧУВАЊЕ ЗА СООБРАЗНОСТ

Член 11

Кога ладилните апарати се пуштаат на пазарот, тогаш тие треба да носат СЕ-ознака која ги содржи иницијалите "СЕ".

СЕ ознаката за сообразност се состои од кратенката СЕ која ја има формата дадена во Прилогот 2 кој е составен дел на овој правилник.

Ако СЕ ознаката е намалена или зголемена, тогаш треба да бидат запазени пропорциите дадени во Прилогот 2.

СЕ ознаката кај различните компоненти, во основа, треба да ја има истата вертикална димензија која не може да биде помала од пет милиметри.

СЕ ознаката треба да е поставена видливо,забележливо и неотстранливо на ладилниот апарат, а каде што е соодветно и на пакувањето.

Член 12

На ладилните апарати не се стават ознаки што може погрешно да ги насочи физичките и правните лица во однос на значењето или формата на СЕ ознаката.

На ладилните апарати, нивните пакувања, листот за инструкции или други документи може да се стави и секоја друга ознака, ако со тоа не се намали видливоста и читливоста на СЕ ознаката.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Одредбите од овој правилник, кои се однесуваат на СЕ ознаката ќе се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или по влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница.

Член 14

До пристапувањето на Република Македонија во Европската унија, производителот на ладилниот апарат, неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија или физичкото или правното лице одговорно за пуштање на апаратот на пазарот, можат да пуштаат на пазарот ладилни апарати без да носат СЕ-ознака, доколку истите се произведени во Република Македонија и ги задоволуваат барањата за енергетска ефикасност што се однесуваат на тие апарати утврдени со одредбите на овој правилник.

Во случајот од став 1 на овој член, производителот на ладилниот апарат, неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија или физичкото или правното лице одговорно за пуштање на апаратот на пазарот треба да обезбеди изјава за сообразност за секој од ладилните апарати согласно постапката за оцена на сообразност утврдена со одредбите на овој правилник и националните стандарди.

Документацијата од производителот на ладилниот апарат, неговиот овластен претставник со седиште во Република Македонија или физичкото или правното лице одговорно за пуштање на апаратот на пазарот за сите нови ладилни апарати треба да биде придружена со копија од изјавата за сообразност од став 2 на овој член.

Член 15

По пристапувањето на Република Македонија во Европската унија или со влегувањето во сила на соодветен протокол за оцена на сообразноста со Европската заедница, во смисла на овој правилник, ќе се користат следниве термини:

- "овластен претставник со седиште во Европската унија или во Република Македонија" наместо, "овластен претставник со седиште во Република Македонија",
- "ЕС-изјава за сообразност" наместо, "изјава за сообразност",
- "СЕ ознака" наместо, "ознака за сообразност".

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 25-614/1
22 јануари 2007 година
Скопје

Министер,
Вера Рафајловска, с.р.

Прилог 1

МЕТОД ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА МАКСИМУМ ДОЗВОЛЕНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЛАДИЛЕН АПАРАТ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРОВЕРКА НА СООБРАЗНОСТ

Потрошувачката на електрична енергија на ладилниот апарат (што може да биде изразено во kWh за 24 часа) е функција на категорија на апарат на која тој припаѓа (на пр. 1-ѕвезда фрижидер, сандак замрзнувач, и тн.) неговиот волумен и енергетска ефикасност на неговата конструкција, (дебелина на изолација, ефикасност на компресорот, и тн.) и разликата помеѓу амбиентната температура и температурата внатре во апаратот. Со поставување на стандардите за енергетска ефикасност, треба да биде направено допуштање за главните ендогени фактори кои влијаат на потрошувачката на енергија (на пр. категоријата на апаратот и неговиот волумен). За таа причина максимум дозволена потрошувачка на електрична енергија на ладилниот апарат е дефинирана со линеарна равенка која е функција од волуменот на апаратот, со различни равенки утврдени за секоја категорија на апарат.

За да се пресмета максималната дозволена потрошувачка на електрична енергија на даден апарат, тој треба затоа, првин да биде поставен во соодветна категорија од следниот список:

Категорија	**Опис**
1	Фрижидер, без преграден простор за ниска температура (')
2	Фрижидер/ладилник, со преграден простор на 5 °C и/или 12 °C
3	Фрижидер, со преграден простор без ѕвезда за ниска температура
4	Фрижидер, со преграден простор за ниска температура (*)
5	Фрижидер, со преграден простор за ниска температура (**)
6	Фрижидер, со преграден простор за ниска температура (***)
7	Фрижидер/замрзнувач, со преграден простор за замрзнување (****)
8	Замрзнувач за храна, вертикален
9	Замрзнувач за храна, сандак
10	Фрижидер/замрзнувач со повеќе од две врати, или други апарати не опфатени погоре.

(') Секој преграден простор со температура на или под -6 °C.

Бидејќи ладилните апарати содржат различни делови однесувани на различни температури, (што значително ќе влијае на електричната потрошувачка), максимум дозволената електрична потрошувачка е дефинирана во пракса као функција од одредедениот волумен, која е сума од волумените на различните делови.

Така, за целите на овој правилник, одредениот волумен (V_{adj}) од ладилниот апарат е дефиниран како:

$$V_{adj} = \sum V_c \times W_c \times F_c \times C_c$$

$W_c = (25 - T_c)/20$

каде T_c е проектна температура во секоја комора (во °C),

каде V_c е нето волумен на даден тип на комората на апаратот и е фактор кој е еднаков на 1,2 за не замрзнувачки комори и 1 за други делови,

$C_c = 1$ за ладилни апарати кои припаѓаат на нормални (N) и супнормални (SN) климатски класи

$C_c = X_c$ за ладилни апарати кои припаѓаат на суптропска (SN) климатска класа

$C_c = Y_c$ за ладилни апарати кои припаѓаат на тропска (T) климатска класа

Коефициентите X_c и Y_c за различни типови на комори се :

Табела на коефициентите X_c и Y_c , според температурите на комората		
	X_c	Y_c
Прегради простор	1,25	1,35
прегради простор за свежа храна	1,20	1,30
0°C прегради простор	1,15	1,25
Без ѕвезда прегради простор	1,15	1,25
1-ѕвезда (*)прегради простор	1,12	1,20
2-ѕвезди (**)прегради простор	1,08	1,15
3-ѕвезди (***)прегради простор	1,05	1,10

Двата, одредениот волумен и нето волуменот се изразени во литри.

Максимум дозволената потрошувачка на електрична енергија (E_{max} изразена во kWh за 24 часа пресметана до две децимални места), за тип на апарат со одреден волумен V_{adj} е дефинирана со следните равенки за секоја категорија на апарат:

Категорија	Опис	$\mathbf{E_{max}}$ (kWh/24 h)
1	Фрижидер, без прегради простор за ниска температура (')	$(0{,}207 \times V_{adj} + 218)/365$
2	Фрижидер/ладилник, со прегради простор на 5 °C и/или 12 °C	$(0{,}207 \times V_{adj} + 218)/365$
3	Фрижидер, со прегради простор без ѕвезда за ниска температура	$(0{,}207 \times V_{adj} + 218)/365$
4	Фрижидер, со прегради простор за ниска температура (*)	$(0{,}557 \times V_{adj} + 166)/365$
5	Фрижидер, со прегради простор за ниска температура (**)	$(0{,}402 \times V_{adj} + 219)/365$
6	Фрижидер, со прегради простор за ниска температура (***)	$(0{,}573 \times V_{adj} + 206)/365$
7	Фрижидер/замрзнувач, со прегради простор за замрзнување (****)	$(0{,}697 \times V_{adj} + 272)/365$
8	Замрзнувач за храна, вертикален	$(0{,}434 \times V_{adj} + 262)/365$
9	Замрзнувач за храна, сандак	$(0{,}480 \times V_{adj} + 195)/365$

За ладилници/замрзнувачи со повеќе од две врати, или други апарати кои не се погоре опфатени, максималната дозволена потрошувачка на електрична енергија (E_{max}) е одредена од температурата и рангот на ѕвезда на комората со најниска температура, како што следува:

Температура на најладниот преграден простор	Категорија	$\mathbf{E_{max}}$ (kWh/24 h)
$> -6°C$	1/2/3	$(0{,}207 \times V_{adj} + 218)/365$
$\leq -6°C$ (*)	4	$(0{,}557 \times V_{adj} + 166)/365$
$\leq -12°C$ (**)	5	$(0{,}402 \times V_{adj} + 219)/365$
$\leq -18°C$ (***)	6	$(0{,}573 \times V_{adj} + 206)/365$
$\leq -18°C$ (****)	7	$(0{,}697 \times V_{adj} + 272)/365$
Тест процедури за проверка дали апаратот соодветствува со барањата за потрошувачка на електрична енергија на овој правилник		

Постапките на тестирање за проверка кога апаратот се согласува со барањата за потрошувачка на електрична енергија од овој правилник.

Ако потрошувачка на електрична енергија на ладилниот апарат поднесена за верификација е помала или еднаква на E_{max} (максималната дозволена вредност на потрошувачка на електрична енергија за таа категорија, како што е дефинирано погоре), плус 15%, апаратот е сертифициран како потврдување на барањата за потрошувачка на електрична енергија на овој правилник.. Ако потрошувачка на електрична енергија на апаратот е поголема од E_{max} плус 15%, потрошувачка на електрична енергија на наредните три апарати треба да биде измерена. Ако аритметичката вредност на потрошувачка на електрична енергија на овие три апарати е помала или еднаква на E_{max} плус 10%, апаратот е сертифициран како задоволителен за барањата за потрошувачка на електрична енергија на овој правилник. Ако аритметичката вредност преминува E_{max} плус 10%, апаратот треба да е оценет дека не ги исполнува барањата за потрошувачка на електрична енергија од овој правилник.

Терминте користени во овој прилог кореспондираат со дефинициите во националниот стандард MKS EN 153.

Прилог 2

‘CE’ ОЗНАЧУВАЊЕ НА СООБРАЗНОСТ

Означувањето на сообразност треба да се состои од иницијалите ‘CE’ со следнава форма:



МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

186.

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/04, 5/07 и 8/07) министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА ПОТПИСИ ЗА ОСНОВАЊЕ И ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот за давање на потписи за основање на политичка партија (Образец бр.1) и на образецот за собирање на потписи за членување во политичка партија (Образец бр. 2) .

Член 2

Образецот за давање на потписи за основање на политичка партија и образецот за собирање на потписи за членување во политичка партија се печатат на хартија во бела боја, формат А-4.

Член 3

Образецот за давање на потписи за основање на политичка партија содржи: лично име на основачот, единствен матичен број на основачот, адреса на живеење на основачот, име и скратено име на политичката партија и потпис на основачот.

Член 4

Образецот за собирање на потписи за членување во политичка партија содржи: лично име на членот, единствен матичен број на членот, адреса на живеење на членот, име и скратено име на политичката партија и потпис на членот.

Член 5

Образецот за давање на потписи за основање на политичка партија и образецот за собирање на потписи за членување во политичка партија отпечатени кон овој правилник се негов составен дел.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-655/1
31 јануари 2007 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

ОБРАЗЕЦ БР.1

О Б Р А З Е Ц
(за давање на потписи за основање на политичка партија)

_____
(име и скратено име на политичката партија)

реден број	Лично име на основачот	Единствен матичен број на основачот	Адреса на живеење на основачот	Потпис на основачот
1.				
2.				
3.				
4.				
5.				
6.				
7.				
8.				
9.				
10.				
и.т.н				

М.П.

_____
потпис на овластено лице
на Министерството за правда

ОБРАЗЕЦ БР.2

О Б Р А З Е Ц
(за собирање на потписи за членување во политичка партија)

_____
(име и скратено име на политичката партија)

реден број	Лично име на членот	Единствен матичен број на членот	Адреса на живеење на членот	Потпис на членот
1.				
2.				
3.				
4.				
5.				
6.				
7.				
8.				
9.				
10.				
и.т.н.				

М.П.

_____
потпис на овластено лице
на Министерството за правда

187.

Врз основа на член 12 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/07 и 8/07), министерот за правда донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА СУДСКИОТ РЕГИСТАР И ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I – СКОПЈЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот и постапката за преземање на Судскиот регистар за политички партии (во натамошниот текст: Судски регистар) и предметите за запишување на политичките партии во Судскиот регистар од Основниот суд Скопје I – Скопје во Основниот суд Скопје II – Скопје.

Член 2

Преземањето на Судскиот регистар и предметите од членот 1 на ова упатство ќе се изврши најдоцна до 25 февруари 2007 година.

Член 3

Основниот суд Скопје I– Скопје, ќе го заклучи Судскиот регистар на начин пропишан со Судскиот деловник и ќе направи попис на предметите за кои го води Судскиот регистар во периодот согласно член 2 на ова упатство.

Член 4

Примопредавањето на Судскиот регистар и на предметите се врши со составување на записник за примопредавање кој што се заведува со потпис на овластено лице и печат на Основниот суд Скопје I – Скопје и Основниот суд Скопје II – Скопје.

Член 5

По примопредавањето на Судскиот регистар и на предметите Основниот суд Скопје II – Скопје ќе ги отстапи предметите за запишување на политичките партии на основните судови кои се надлежни за водење на Судски регистар за политички партии од своето подрачје, според нивното седиште.

Член 6

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-654/1
31 јануари 2007 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

188.

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 од 23.05.2006 година), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 05.02.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 22,767
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 22,833
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	до 22,980
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	до 24,070
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	до 25,734
- Д-Е III	до 26,398
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 26,124
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 14,401
- М-2	до 14,376

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А.Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 60,50
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 57,00
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	до 57,50
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	до 58,50
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	до 49,50
- Д-Е III	до 50,00
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 39,00
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 17,642
- М-2	до 17,613

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	60,00	59,50	59,00
БМБ - 91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	56,50	56,00	55,50
БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	57,00	56,50	56,00
БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	58,00	57,50	57,00
Д - ДИЗЕЛ	49,00	48,50	48,00
Д-Е III	49,50	49,00	48,50
Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО	38,50	38,00	37,50

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	0,150
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	0,080
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	0,080
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	0,080
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	0,030
- Д-Е III	0,030
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	0,040
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,050
- М-2	0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	24,654
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	21,692
- БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	21,969
- БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	21,726

б) Дизел гориво	ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ)	12,485
- Д-Е III	12,245

в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	3,187

г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,100
- М-2	0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ - 91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ- 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ -98 (БЕЗОЛОВЕН СУПЕР)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Д - ДИЗЕЛ	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Д-Е III	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М - 1	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400
МАЗУТ М - 2	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 06.02.2007 година.

Бр. 02-196/1
5 февруари 2007 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

189.

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр.63/06), а во врска со член 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ" бр.94/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 2 февруари 2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2007 ГОДИНА

Член 1

Продажна цена на природниот гас во првиот квартал од 2007 година се определува да изнесува 13,903 ден/нм^3.

Во продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, содржани се трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавна цена) во износ од 13,732 ден/нм^3 и цена за трговија и снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,171 ден/нм^3.

Во продажната цена од став 1 на овој член, не е содржана цената за пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 2,217 ден/нм^3, која тарифниот потрошувач непосредно приклучен на системот за пренос е должен да ја плати за вршењето на овие услуги.

Во продажната цена од став 1 на овој член и во цената за преносот и управување со системот за пренос на природниот гас од став 3 на овој член, не е содржан и данокот на додадена вредност во вкупен износ од 2,901 ден/нм^3.

Вкупниот надоместок кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со став 1, 3 и 4 на овој член, во првиот квартал од 2007 година изнесува 19,021 ден/нм^3.

Член 2

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа Одлука е утврдена со примена на просечен продажен курс на САД доларот од 47,2362 денари за еден САД долар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-185/1
2 февруари 2007 година
Скопје

Претседател,
Славе Ивановски, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622
2007013